***Универзитет "Св. Кирил и Методиј"***

Филозофски факултет - Скопје

Последипломски интердисциплинарни студии по менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности

# Магистерскиот труд на тема:

# *Активните политики и невработеноста во Република Македонија*

**Ментор:**

*проф. Д-р Трајан Гоцевски*

**Кандидат:**

*Маја Ѓуровска*

*бр. на индекс : 3718/10*

Скопје, 2013

**СОДРЖИНА :**

**ВОВЕД ...................................................................................................3**

**1. Дефинирање на политиката...........................................................................4**

***1.1 Односот социјална политика и политика..................................................4***

**1.2. Основни начела на социјалната политика................................................6**

**1.3. Детерминанти на социјалната политика....................................................7**

**2. Улога на државата на благосостојба..........................................................8**

**3. Трикратната типологија на Госта Епсинг –Андерсон ( принципи на декомодификација и стратификација )...........................................................9**

**4.Научниот статус на дисциплината за социјалните политика...................11**

**4.1. Домени на социјалните политики .....................................................15**

5. **НЕВРБОТЕНОСТА КАКО ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА**..........................22

**6. Човечките ресурси со ВСС ( дипломирани, магистри и доктори на науки )...........................................................................................................26**

7. Невработеноста во ЕУ.................................................................................27

**7.1. Улогата на политиката..............................................................................29**

*7.2. Социјален наслов.........................................................................................33*

*7.3.* ***Нивото на невработеност во Европа кон средината на 90-те ........36***

*7.4.* ***Методи за решавање на проблемот со невработеноста во Еврпа пред Амстердам Советот од Есен...........................................................................37***

**8. Улогата на Договорот од Лисабон на социјалните прашања.................39**

**9. Невработеноста како синоним за социјално исклучување......................................................................................................40**

**10. НЕЕДНАКВОСТ.........................................................................................40**

**11. НЕВРАБОТЕНОСТА КАКО ФАКТОР ЗА СОЦИЈАЛНА ЕКСКЛУЗИЈА.....................................................................................................43**

**12. МОРАЛНИОТ ХАЗАРД И НЕВРАБОТЕНОСТА ..............................43**

**13.Општествено уредување...........................................................44**

**14.Социјалното осигурување во случај на невработеност и сиромаштија.......................................................................................46**

**15. *Бизнис компаниите и општеството како социјален дијалог помеѓу двете страни.......................................................................................47***

**16.Депривација како производ од невработеноста ...........................48**

***17.Тенденции на сиромаштија и можности за нејзино намалување ........53***

**18.Влијание на пазарот на трудот врз социјалниот дијалог во РМ.........55**

***19.Политиките на вработување и Европски социјален фонд....................59***

**20.Структура на стратегијата Европа 2020.........................................60**

**21.Социјален развој ...........................................................................62**

***21.1.Планирањето на социјалниот развој.........................................64***

**22.АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА Р.МАКЕДОНИЈА КАКО (НЕ) ЕФИКАСЕН КАНАЛ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ.......................................................................67**

***23.*Развој и социјален развој ...............................................................74**

***24.Економски и социјален развој..........................................................78***

**25.Менаџментот и социјалниот сектор...................................................88**

**25.1. Одговорноста на менаџерот во социјалните дејности...............90**

**СТАТИСТИКА.......................................................................................92**

**ЗАКЛУЧОК.........................................................................................108**

**Користена литература.......................................................................111**

**ПРИЛОЗИ**

*“ Не се прашувај што државата наравила за тебе,*

*туку што можеш ти да направиш за неа ”*

***Џон Ф.Кенеди***

## *ВОВЕД*

Невработеност, глобален општествен проблем кој зазема огромен замав и се шири низ цела Европа како некогаш чумата. Современите општества не остануваат имуни на ваквиот општествен проблем и неговото решавање е долг и макотрпен процес.

Важноста за намалување на невработеноста како негативна општествена појава се третира на високо ниво. Имено, акцентот се става на кеирањето на социјалните и економските политики кои ги водат државите. Државите преземаат големи напори за справување на овој проблем, најпогодени се младите и лицата кои се со понизок степен на образование но не се исклучени и оние со високо образование. Во трудот понатаму ќе може да видиме што превзема Република Македонија за да ја намали невработеноста и како менацира со креирањето на нови работни места.

Креирањето на образовните политики исто така е од особено значење за намалувањето на невработеноста. Социјалните проблеми наметнуваат социјалните политики и образовните програми кои се креираат да бидат во координација односно да се синхронизирани.

Македонија земја- ФЕНИКС, секогаш борејќи се со огромни проблеми и неправди кои и се случувале, никогаш имуна на ништо и понатаму се бори со многу општествени проблеми но сега со оние кои ги има секое современо општество. Меѓу многуте проблеми се истакнуваат невработеноста, сиромаштијата, социјалното исклучување . Сите овие проблеми на некој начин се поврзани и произлегуваат еден од друг или се надополнуваат.

## 1. *Дефинирање на политиката*

Кога станува збор за политика постојат разно-разни противречности и непрецизности во утврдувањето на дефиницијата за политиката. Во недостиг на поегзактни дефиниции ќе ја наведеме онаа на Макс Вебер според која политиката се сфаќа како "***власт на една доминантна група, чии наредби се извршуваат врз дадена територија од страна на една административна организација која располага со средства на закана и можност за примена на физичка сила***".[1] Иако оваа дефиниција ја ограничува политиката на одредени форми на власт исто така има и определени превиди во поглед на некои сегменти така на пример избори, дебати во парламентот но сепак може да послужи во анализата на водење на социјална политика од страна на една административна организација врз одредена територија и со поседување на соодветни служби што го гарантираат спроведувањето на власта.

### 1.1. *Односот социјална политика и политика:*

- Политиката во голема мера е одалечена од вредностите кои ја детерминираат социјалната политика ( еднаквост , правда , хуманизам , социјална правда).
- Како што постојат различни социјални системи, така постојат различни модели на социјална политика, кои го карактеризираат општеството.
- Политиката директно влегува во социјалната сфера и на тој начин креира социјална политика.

Општествените науки не се единственото средство за пристап и разбирање на општеството туку едно од најефикасните средства за изучување на општеството .

1 Ружин, Нано. ( 2004 ). *Социјална политика,* Скопје. Стр:7

Во науката постојат услови и критериуми кои служат за рамковни ориентации и за анализа па така доколку некоја научна дисциплина ги задоволи овие критериуми може да се смета дека ги задоволила претставите за да го стекне статусот на науча дисциплина.

То е се следните критериуми:

- Постоење на предмет на истражување врз кои може да се полага извесен монопол и права од страна на соодветна наука;
- Постоење на развојна концепција на дадена наука која својот премет на истражување го набљудува во дадена сознајна перспектива;
- Создавање на методологија, општо и системско значење и искуствена граѓа за предметот на науката што настојува да го докаже својот научен статус, што ќе рече и вклопување во методот на научните истражувања иманентен на општествени науки.

Можниот предмет на социјални политики можеме да го класифицираме на три нивоа согласно со следните поимања:

1.Во нејзиното најшироко сфаќање, односно како глобална дејност на јавните и другите институции, а за општото добро на целата популација;

2.Во нејзиното пограничено сфаќање т.е. низ призмата на правните норми, кои имаат за цел подобрување на духовните и материјалните услови на живеење, согласно со сфаќањата за социјалната правда и развојот на социјалното право во дадена држава; и

3.Во нејзиното најтесно сфаќање, односно како социјална заштита.

Третиот пристап односно сведувањето на социјалната политика во социјална заштита претпоставува еден тесен и јасно ограничен предмет на истражување кои се сосои од следниве сегменти и тоа: семејството и социјалната политика, старите лица, пензионерите и пензиско – инвалидското осигурување, невработеноста и нивната социјална заштита како и здравјето и здравствената заштита.

## 1.2. Основни начела на социјалната политика

Основни начела на социјалната политика се:

-*хуманизам*- humanisare што значи хуманизира, прави човек, очовечува.

-***солидарност***-еднодушност, заедничко мислење, заеднички обврски, взаемна одговорност, стабилност, сложеност и смисла за заедништво. Според речникот Робер солидарноста е своевиден однос меѓу лицата што имплицира морална обврска на взаемна помош односно чувство на луѓето кое ги тера луѓето да си обезбедат взаемна помош.

-***взаемност***- навидум е мошне близок по значењето со терминот солидарност, меѓутоа изразот взаемна солидарност или солидарна взаемност делува тафтолошки со оглед на тоа дека принципот на солидарност секогаш смета на взаемноста, независно од фактот што во дадениот временски интервал таа се ефектуира во само една насока.

Според речникот Ларус, взаемноста се дефинира како *трајна врска меѓу две лица или популации од кои имаат полза двата субјекта* а во потесна смисла се дефинира како *систем на солидарност меѓу членовите на една професионална група заснована врз логиката на взаемното одржување.*

-***социјална кохезија***- подразбира поврзување и интеграција на поединците и групите внатре во општеството. Пет димензии на социјална кохезија: припадност, вклученост, партиципација, признавање и легитимитет.

## 1.3. Детерминанти на социјалната политика

- ***Политичкиот систем*** - нивото на социјална политика е детерминиран од материјалната основа на општеството.
- ***Економски систем***- Што да се произведе ? Како да се произведе? За кого да се произведе?

  Типови на економски системи :

  *-традиционален;*

  *-просторен;*

  *-команден ( централен )*

  *-мешовит.*

Во современи услови: Америчкиот модел, Јапонскиот, Шведскиот и Рускиот.

- ***Идеологија*** - на една држава ;
- ***Морал***-моралните норми важат и делуваат спонтано, без наметнување од страна на некоја установа, и без одредени санкции, единствена казна е совеста на прекршителот (Đ.Šušnjić);
- ***Религија***-психолошката функција и општествената функција.

**Карл Маркс идеологогија – лажна свест** - Најпрво во списокот на критики на религијата Карл Маркс ја прикажува религијата како лажна свест која има функција на луѓето да им ја направи поднослива нивната бедна егзистенција.

## 2. Улога на државата на благосостојба

Перцепцијата за благосостојба од една до друга држава и од една до друга индивидуа битно се разликува. Ова ги рефлектира различните аспекти на улогата на државата на благосостојбата, кои можеме да ги поделиме на :

-функции на подобрување на ефикасноста, редистрибутивна и регулаторна функција.

***Социјално осигурување :*** државата на благосостојба во функција на благосостојба. Кога пазарот на приватното осигурување ќе потфрли , социјалното осигурување ја добива улогата на стабилизатор на состојбите.

***Социјална заштита:*** редистрибутивна функција на државата на благосостојба.

Функција на сигурносна мрежа ( safety net ). Најосновното гледиште е дека улогата на државата се состои во обезбедување на примарен животен стандард под кои граѓаните не смееат да паднат, независно од причините за сиромаштија.

***Редистрибутивна функција:*** на спротивна страна се наоѓааат државите на благосостојба засновани на верувањето за пожелност на ефикасноста. Препознатливи се по високите маргинални стапки на одданочување на поимотните поединци, кои се надополнети со екстензивни трансфери и цел ранг на услуги од типот на здравство, домување и општествена грижа. Пример за овој модел се скандинавските земји а особено Шведска.

***Функција на оспособување:*** Државата треба да настојува да ги изедначи можностите за своите граѓани, преку инвестиции во образованието и обуки или преку обезбедување парична детска заштита на самохраните родители кои имаат желба да се вратат на пазарот на трудот. Соодветен за ова е примерот на познатата поговорка: “Дај му риба на човек и тој ќе се најаде за еден ден; дај му чамец и ќе јаде цел живот”.

Држава-дадилка: регулаторна функција на државата на благосостојба. (Кекеновски, Љубомир. 2000)

## 3. Трикратната типологија на Госта Епсинг –Андерсон ( принципи на декомодификација и стратификација )

Примерот на трикратната типологија на државата на благосостојба потекнува од двајца американски научници и тоа Норман Фарнис и Тимоти Тајлон. Овој модел вклучува позитивна државна сигурност и социјална држава на благосостојба.
Позитивната држава функционира во САД, таа функционира за да ја обезбедува економската стабилност и да ги заштити интересите на сопственото население.
Во Велика Британија социјалната државна сигурност функционира и ги гарантира минимум стандардите за помош на сопствените граѓани. Конечно социјалната држава на благосостојба во Шведска ја надминува грижата за минимум стандарди и функционира за промовирање на доброто на сите.
Типологијата за државата на благосостојба што ја дава Госта Епсинг-Андерсон е една од најкорисните типологии.
Тој во своето класично дело "ТРИ СВЕТА НА КАПИТАЛИЗМОТ НА БЛАГОСОСТОЈБАТА" ( "The three Worlds of Welfare Capitalism", 1990 год. ) издвојува три вида welfare kapitalizam, од кои ниту еден не го наоѓаме во чисто издание.

Оваа типологија е една од најсистематските класификации по онаа на Титмус, Епсинг – Андерсен ги акцентира либералниот, конзервативниот и социјалдемократскиот модел:

- ***Либералниот модел*** подразбира резидуална социјална политика чија основна социјална содржина се состои од социјална помош на оние граѓани кои се најзагрозени. Корисникот преку проверка на приходите е должен да го оправда својот социјален статус. Таквиот однос го иритира јавното мислење. Мнозинство граѓани нивната социјална сигурност ја остваруваат на пазарот " купувајќи ја " во претпријатието или кај осигурителното друштво. Улогата на државата е резидуелна, а социјалните права се третираат како прошираување на граѓанските

права. Ваквиот вид е присутен во англосаксонските држави со двата поблиски система: американскиот каде што државата е повеќе либерална и резидуална и британско-австралискиот каде што е истакната социјално – либералната содржина.

- ***Конзервативниот модел*** се окарактеризира со коорпоративна содржина што подразбира зачувување и трансфер на социјално - професионалните права од периодот на активната работноспособна дејност во периодот на неработната активност. Во преден план се истакнува задолжителното социјално осигурување на вработените. Државата им дава минимална социјална помош на категоријата најзагрозени граѓани. Оваа соијална заштитна дејност се активира тогаш кога ќе се изостане дејствувавањето на социјално - сигурносните механизми врз основа на вработеноста. Овој состав на социјална сигурност го има во западно-европските континентални држави ( Франција, Германија, Австрија ) а делумно со одредени подваријанти во Италија, Швацарија, Португалија и Грција.

- ***Социјалдемократскиот класичен модел*** се третира како универзален модел кој тргнува од идејата за еднакви социјални права за сите. Моделот е концепиран и ефектуиран од страна на шведските социјалдемократи, кои со мал прекин сеуште се на власт уште пред Втората Светска војна. Епсинг – Андерсен посочува дека капитализмот го претвара трудот во стока за поширока потрошувача. Како и секоја стока ( добро ) па така и трудот има пазарна вредност па може да биде купен и продаден. За да преживее секој работник мора да го продава својот труд на пазарот на трудот а како единствен извор од оваа продажба е платата. Така со системот на осигурување на невработените, пензискиот и другите владини социјални програми постепено се смалува обемот со кој трудот се толкува како стока. За таа цел тој ги афирмира концептот за декомодификација, како вид полезен критериум за управување на зафатот на владите во задоволување на социјалните потреби на граѓаните. Епсинг – Андерсен користејќи ја трудовата декомодификација како примарен критериум за класифицирање на провизиите на државата на благосостојба ја изготвил претходно поставената трикратна

типологија. Тој ќе констатира дека во либералниот модел постои мала трудова декомодификација и затоа социјалните услуги се ограничени и стигматизирани. Додека конзервативниот модел се одликува со умерен степен трудова демодификација и ја прифаќа идејата за социјална помош која произлегува од државјанството на самиот корисник. И на крајот конечно третиот модел се одликува со висок степен на трудова декомодификација ( утврдување на зафатот на владите и задоволувањето на социјалните потреби на граѓаните ). Во последниот модел програмите за социјална помош се високо институционализирани а граѓаните се еманципирани од зависноста на трудовиот пазар.

## 4. Научниот статус на дисциплината за социјалните политики

Терминот Sozialpolitik, односно социјална политика во научната литература го вовел професор Вилхелм Хајнрих Рил во неговиот труд насловен како " Природна историја на народот како основа на германската социјална политика" ( 1851-55).

Вилхелм Х. Рил ја сфаќа задачата на социјалната политика во аристотеловски категории: "Таа е обид за запирање на дезинтеграција на општството и програмата за негова реконструкција".

Содржината на Аристотеловиот слоган дека *оној кој што владее мора и да помага* ја наоѓаме во коренот на секоја социјална акција или политика, независно дали станува збор за амбиции на материјалното или духовното потчинување кои се манифестираат пред две илјади години, пред две децении или пред два дена.

Сите лидери, владетели, политичари, партии од историјата до денес знаеме дека му нудат на својот народ погодности од социјална природа со цел поуспешно да управуваат со тој ист народ, односно да ја освојат или да ја задржат власта со негова помош.

*Активните политики* се најчесто предмет на истражување кај социјалните работници, социолози и политиколози. Овој предмет се изучува во домнот на науката социјлна работа и политика која се развива по 90-те години како и другите општествени науки. Зачетоците на социјалната политика се во филозофијата, долго време таа била под туторство на филозофијата, социологијата, историјата, правото, политиката, но потоа благодарение на политиката успева да воскресне или афирмира како самостојна и посебна научна дисциплина. Социјалната политика нема сомнение дека ја дели истата судбина како и другите млади општествени науки. Општествените науки не се единственото средство за пристап и разбирање на општеството туку едно од најефикасните средства за изучување на општеството.

Терминот *политика* кој се содржи во насловот на научната дисциплина *социјални политики* има огромен придонес во афирмацијата на оваа наука. Терминот ***социјално*** прв го упоребил Жан – Жак Русо во неговото дело Општествениот договор (Le contrat social ), а додека терминот **социјална политика** бил воведен во 90-те за прв пат од Vilhelm Hajnrih Riehl, професор од Минхен во неговиот труд ***Природна историја на народот како основа на германската социјална политика ( 1851-1855 ).***

Ленин на изразот *социјално* му препишал строги политички конотаци. Октомвриската револуција е и социјална револуција истакнува авторот на "Држава и револуција". Слични префикси се среќаваат и во толкувањето на југословенската народноослободителна борба и револуција од страна на нејзините политички и актуелни лидери Моша Пијаде и Јосип Броз Тито, како што пишува Нано Ружин во Социјална политика.

***“ Република Македонија од нејзиното осамостојување од Социјалистичка Федеративна Република – Југославија се декларираше како независна социјална држава. “Лекциите од минатото, поврзани со непријатните епизоди со бирократската и репресивна држава и со државата со планско и договорно стопанство не беа доволно поучни. Затоа треба да се создава простор за модерна ефикасна и динамична социјална држава. “ 2***

---

2 Ружин, Нано. ( 2004 ). *Социјална политика,* Скопје. Стр:38

“Под поимот социјална политика се подразбира збир од мерки превземени на ниво на една нација, народ (држава), со цел да се подобрат или да се променат условите на материјалното или културното живеење согласно со прогресивниот развој на социјалното право и со економските и политичките можности на односната држава во дадениот момент.” 3

Кога станува збор за дефинирање на политиката постојат разни противречности и непрецизности во нејзиното утврдување. Во недостиг на поегзактни дефиниции ќе ја наведеме онаа на Макс Вебер според која политиката се сфаќа како "***власт на една доминантна група, чии наредби се извршуваат врз дадена територија од страна на една административна организација која располага со средства на закана и можност за примена на физичка сила***". 4

Оваа дефиниција ја ограничува политиката во одредени форми на власт исто така има и определени превидувања во поглед на некои сегменти така на пример избори, дебати во парламентот но сепак може да послужи во анализата на водење на социјална политика од страна на една административна организација врз дадена територија и со поседување на адекватни служби што го гарантираат спроведувањето на власта.

Терминот *социјално* содржи политички импликации, исто како што и политичкиот чин може да биде социјален чин. Сосема е јасно дека терминот *политика* буди интерес кај секој еден што се занимава со социјалната политика, од друга страна пак придавката *социјална* е помалку дискутирана и дискутабилна, но често имплицира одредени консеквенци кои некако по навика тие не секогаш доаѓаат во преден план. Бидејќи содржината на именката *политика* е речиси безгранична, во речникот "Литре" ( Littre ) се среќаваат осум дефиниции на зборот *политика.* Како во неговата благородна конотација ( пр. "мултидисциплинарна политика" која најчесто се наметнува како академска содржина, така и во неговата пежоративна конотација ( вулгарната фраза " Жено каква ти е таа политика што ја водиш " ? ). Оттука се гледа многубројното значење на политиката како

---

3 Ружин, Нано. ( 1994 ). *Социјална политика,* Македонско радио Рдио култура, *Скопје.стр:22*

4 Ружин, Нано. ( 1994 ). *Социјална политика,* Македонско радио Рдио култура, *Скопје.стр:13*

и нејзиното значење. Како што постојат различни социјални системи, така постојат различни модели на социјална политика, кои го карактеризираат општеството. Политиката директно влегува во социјалната сфера и на тој начин креира социјална политика.

...“ Dušan Lakićević:”од своја страна апострофира три основни причини за неразвиеноста на социјалната политика како наука и тоа:

- Вековното сведување на социјалната политика на социјланата грижа, што го слабееше интересот на науката за нејзината содржина;
- Сфаќањето на социјалната политика како чиста општествена практика - вештина, заради што не е возможно нејзиното конституирање како посебна наука;
- Развојот на социјалната политика како наука во рамките на другите научни дисциплини: економијата, социологијата, науката за политиката, филозофијата.” 5

M.Milosavljević: “Со социјалната политика се создава хуман човечки однос, се постигнува квалитетен живот, човечко заедништво, се создаваат услови за подобар општествен развој и потенцијални луѓе”.

Во Велика Британија се користи терминот социјална администрација во САД социјална благосостојба во Франција социјална политика.

Секоја држава има улога на заштитник односно **welfare state** - државна благосостојба.

“ Декларацијата за напредокот во социјалниот домен, усвоена од страна на Генералното собрание на ООН на 11.12.1969 год. ги истакнува низ 27 начела главните домени на модерната социјална политика. Меѓу овие со своето значење се издвојуваат **политиката на вработување, доменот на платите, социјалната заштита и воспитно-образовниот систем.** Кон овие четири домени, современиот развој на социјалните политики се поголем простор им дава на **здравствената политика, политиката на интеграцијата**

5 Ружин, Нано. ( 2004 ). *Социјална политика, Скопје.стр223*

**на имигрираните народи** ( во државите приемачи на имигранти ) **и политиката на градовите .** “ 6

Социјалната политика што ја имплементираат органите на државата можеме да заклучиме дека таа има улога да го доведе општеството во една состојба на благосостојба или економска стабилност, или поедноставено да не дојде до дисконтинуитет на општеството. Политиките кои ги спроведуваат државите се разликуваат од едно до друго општество но притоа има одредени универзални политики како: здравството, образованието , социјалната заштита и сл.

“ Социјалната политика опфаќа делокруг на мерки кои можат да се употребат за намалување на сиромаштијата и нееднаквоста. Одредени елементи од политиката се сметаат за универзални како на пример здравството и образованието.” 7

## 4.1. Домени на социјалните политики

Декларацијата за напредокот во социјалниот домен, усвоена од страна на Генералното собрание на ООН на 11.12.1969 год. ги истакнува низ 27 начела главните домени на модерната социјална политика. Меѓу овие со своето значење се издвојуваат **политиката на вработување, доменот на платите, социјалната заштита и воспитно-образовниот систем.**

Кон ове четири домени, современиот развој на социјалните политики се поголем простор им дава на **здравствената политика, политиката на интеграцијата на имигрираните народи** ( во државите приемачи на имигранти ) **и политиката на градовите . 8**

Многу често како во теорија така и во практиката, политиката се повеќе се сведува и поистоветува со власта. Политичкиот однос се повеќе се насочува кон власта.

---

6 Кекеновски, Љубомир.( 2000 ) *ЕКОНОМИЈА НА ЈАВНИОТ СЕКТОР: теотретски и практичен пристап,* Економски факултет – Универзитет “Свети Кирил и Методиј”, Скопје. Стр:174/5

7 Ружин, Нано. ( 1994 ). *Социјална политика,* Македонско радио Рдио култура, *Скопје. Стр:195*

8 . Ружин, Нано. ( 2004 ). *Социјална политика,* Скопје , сртр:223

Субјективната верзија на изразот на власта ја делува Макијавели со познатата констатација дека „единствениот апетит на секој политичар е апетитот за власт“. Согледано во објективни рамки, констатацијата е поинаква: „секоја политика се сведува на борба за власт“. Но како што истакнуваат Жан – Пјер Кот и Жан Пјер Мунир, „политиката не може да се сведе на борба за власт “.9

Битката за власт е само еден од многуте аспекти на политичкиот живот, па така власта се повеќе се манифестира како инструмент отколку како основа на политиката.

Но сепак се сведува на тоа дека политиката се спроведува низ инструментите на власта и тоа не може да се оспори, а следствено на тоа владејачката партија секогаш ја има главната улога. Па така кога станува збор за социјалните политики тогаш несомнено е дека власта односно партијата која е во улога на позиција ги спроведува со цел да ја зачува автентичноста меѓутоа и да ја задржи нејзината владејачка позиција која ја ужива.

- ***Активнитe политики***

Во досега кажаното веќе го дефиниравме поимот и значењето на активните политики. Самиот збор "активни" подразбира активирање на политиката и поголем број на фактори упатуваат на општествено-политичка и нормативна односно законодавна природа но и теоретска која ќе влијае на практичната функција во однос на целите и мерките. Исто така активната политика се спојува со *активното општество* кое има повеќе димензии. Се однесува на потпирање на индивидуата врз сопствените сили кој е доминантен елемент за преформулирање на социјалната политика.

"Наспроти зависноста од социјалниот надомест и помошта на социјалните служби воопшто, активното општество почива врз поттикнување на активирањето ( т.е. активности или дејности ) на различните социјални актери, а особено на поединецот."10

---

9 Ружин, Нано. ( 2004 ). *Социјална политика,* Скопје , стр:6

10 Вуковиќ , Дренка. и др.( 2008). *ВРАМУВАЊЕ НОВА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА: актери, димензии и реформи,* Фондација “Фридрик Еберт “, Скопје. Стр:129

Активните политики се од исклучително важен момент во нашето севкупно општествено живеење и тие се однесуваат на квалитетот на животот на индивидуите во едно општество преку креирањето и превземање на адекватни мерки и политики. Секоја социјална држава ги штити нејзините граѓани од ризици како: сиромаштија, старост, инвалидност, невработеност и друго. Под стапка на невработеност се подразбира процентот на работоспособното население во државата кои не можат да пронајдат работа.

Некои ставови на познати современи државници како Маргарет Тачер сметаат дека невработеноста не е проблем на државата дека тие самите се виновни и дека невработеоста не е социјален проблем туку индивидуален проблем, бидејќи дали индивидуата ќе се вработи или пак нема зависи од сопствената воља. Од ова произлегува дека државата не сноси одговорност за невработените работоспособни лица. Но во случајот како што е нашата земја проблемот не е само во тоа, имаме проблем и со менаџирањето на луѓето односно човековите ресурси кои се на располагање. Како што кажува Брајановски Благоја во менаџерското управување со човечките ресурси за време на трнзицијата не само што е далеку од умот, туку била јалова работа. Политиката на вработување произлегува од социјалната политика. При концепирањето на активните политики ја наметнува должноста за следење на нивото на образование на популацијата. Состојбата на невработеноста во нашата земја е константна појава и се манифестира во големи скокови од изминатите децении поради природата на економскиот и политичкиот систем односно заради задушување на динамиката на пазарот на тудот. Кога зборуваме за невработеност невозможно е да не се зборува и за вработеноста. Овие две работи одат рамо до рамо. Едното е производ на другото и обратно. Нивниот однос е правопропорционален.

" Високата стапка на невработеност во Република Македонија во еден подолг период ѝ создава проблем на активната популација, но исто така и неизвесност и за идните генерации кои стасуваат завршувајќи го образовниот процес и кои настапуваат на пазарот на трудот на кој долго се задржуваат како неактивни."11

---

11 Гоцески, Трајан. и др. (2010). *ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ бр.63 ( 2010 )*, Скопје [Online]

Политиката против невработеноста освен тоа што самата по себе имплицира морални, економски и социјални димензии таа исто така претставува и уставно-правна обврска.

„ Така во Уставот на Република Македонија се истакнува дека секој граѓанин на државата има право на работа, слободен избор на вработување и заштита при работењето на материјална обезбеденост за време на привремена вработеност ( Чл.32 ) ".12

Корените на невработеноста се смета дека заслужуваат прецизна анализа на економски и индивидуален план. На економски план имаме неколку видови невработеност: фрикциона, конјунктурна и структурна невработеност. Наспроти нив на индивидуален план се издвојуваат: латентната, стагнантната, доброволна и демографска. Политиката на вработување интересот и акцентот го става врз активната популација.

За невработени лица се сметаат лицата кои не работат, активно барале работа и се подготвени да отпочнат со работа доколку ја најдат .

Стапката на невработеност во Република Макдонија како и сите земји во светот има флуктации но таа во основа е висока подолг временски период. Невработеноста најмногу ги погодува младите кои за време на отсуство на побарување нова работна сила на пазарот на трудот имаат минимални можности за вклучување во работен процес. Од невработеноста најмногу се погодени лицата кои имаат понизок степен на образование но и лицата со повисок степен на образование се исто така подложни на голем ризик да не најдат работа или да ја изгубат и онаа што ја имаат во моментот. Невработеноста е исклучително тежок проблем како за општеството во целина така и за индивидуите кои се погодени од истата. Активните политики кои се спроведуваат од страна на државата на невработените лица и кои тежнеат да ги намалат ефектите од отсуство на финансиски средстава кои се неопходни за живот како и бесплатна здраствена заштита и сл. не се доволни. Ништо од наведеното не може да го надоместат она што го нуди вработувањето, како што не може да се решат психичките проблеми што ги предизвикува вклученоста во работен процес и исклученоста на низа елементи на

12 Ташева, Марија. ( 2003 ). *Социологија* , Филозофски Факулетет , Скопје стр:209

животот на индивидуата во заедницата кои се исклучително важни за формирање и одржување на личниот идентитет по кои индивидуите се разликуваат во општеството.

Македонскиот народ транзицискиот период ќе го запамети по тектонските поместувања кои се случија во сите општествени сфери на живот. Познато е дека тоа беа годините во кои се афирмираа нови процеси и содржини во македонската историја. Меѓу позначајните е и фактот што Македонија со распаѓањето на југословенската Федерација стана самостојна суверена држава. Меѓу другото тоа се и години исполнети со перманентни егзистенцијално-есенцијални транзициски шокови. Притоа, најжестокиот шок од осамостојувањето Република Македонија го доби во сферата на пазарот на трудот. Континуираниот раст на стапката на невработеност, создавањето армија маргинализирани граѓани – животни аутсајдери, од една страна, е лична драма – трагедија на секој невработен, а од друга, претставува најрелевантен показател за долгорочните, крајно неповолни, економски и социјални состојби во нашата држава. Тоа недвосмислено укажува дека таа боледува од една од најтешките општествени болести, чии основни симптоми се: економска неефикасност, социјална несигурност на граѓаните и политичка неосетливост на власта за најтегобниот проблем со кој се соочува поголемиот дел од населението во државата, а тоа е неможноста со чесно работење да се обезбеди примарна егзистенција, достоинствен и нормален живот. Имено високата стапка на невработеност според нејзините индикатори а особено крајно сложените процеси и моќта на нивното ублажување ја отсликува алармантноста на македонската држава и обезбедувањето на постојани услови за живеење, односно ја покажува целокупната моќ на политиката и сите нејзини досегашни влади да создадат систем кои ќе ги вклучи македонските граѓани во функционирање. Оваа состојба од друга страна пак гарантира тешко решливи проблеми во функционирањето на целокупниот општествен систем а со тоа истот станува дисфункционален што сам по себе носи последици врз квалитетот на живот на граѓаните и врз прогресот на самата држава. Акцентот се става на неискористеноста на расположивите човечки ресурси. Неискористеноста на расположивите човечки ресурси односно капитал на економско рамниште директно има влијание врз намалувањето на производството што условува на остварување помал бруто-национален производ во споредба со потенцијалниот. Тоа се рефлектира на загубите во економијата така што подоцна многу тешко истите може да се надоместат на

подолг временски рок. Неварботеноста истовремено влијае и врз приходите односно приливите кои го сочинуваат буџетот бидејќи поради неостварените даноци и придонеси кои би ги плаќале невработените лица приливите во буџетот се пониски, па доаѓа до несовпаѓање на планираните расходи. Оваа појава истовремено го оптоварува буџетот со зголемени расходи за социјални трансфери кои се неопходни за ублажување на животниот стандард на невработената популација кои доколку се исклучат ќе доведе до енормно осиромашување на народот. Од невработеноста произлегуваат сиромаштијата, нееднаквоста, социјалната инклузија кои негативно се рефлектираат врз прифатеноста на реформите од страна на грѓаните. Невработеноста и влошувањето на животниот стандард на граѓаните влијаат и врз политичко - безбедносната состојба во државата. Таа дејствува како генератор на етничките, конфесионалните и политичките конфликти, изострувајќи ги различните политички и етички интереси на ниво на отворени и немилосрдни судири кои претставуваат перманентна закана за политичката стабилност во државата. Ваквите состојби во голема мера влијаат врз намалувањето на социјалната интеграција и кохезија на македонското општество.
Евидентно е дека невработеноста не може да се посматра само од економски аспект и проблем, таа има многу пошироки општествени димензии неминовно е да се изостават социјалните аспекти. Статусот на вработен, покрај економската сигурност, овозможува бројни формални и неформални интеракции, влијае врз културниот и социјалниот идентитет на поединецот, ја стимулира неговата самопочит и му овозможува поголема самоактуализација. Условно кажано хендикепот од невработеноста е голем. Невработеното лице се доживува како лице кое има инфериорна положба во општеството. Невработените лица се и лица кои се најчесто незадоволни од својот живот, па поради лошата материјална положба и поради маргинализираниот социјален статус, во поголема мера од вработените се склони кон: депресии, анксиозност, демотивираност, губење самодоверба и самопочит, чувство на безнадежност и „фрлање“ во очај. Невработеноста, исто така, стимулира појава на различни облици социјална патологија, поаѓајќи од ситен криминал, алкохолизам, дрога, проституција, организиран криминал на ниво на мафија, убиства и самоубиства, кои се погубни не само за развојот на индивидуата туку и за самото општество.

Имајќи ги предвид претходно потенцираните мошне сложени импликации од невработеноста во Република Македонија, сама по себе се наметнува потребата од темелна анализа на нејзините карактеристики, институции, политики, но и на можните реформи за подобрување на состојбите. Основната цел е да се актуелизира проблемот, односно да се иницира сериозен пристап, без залажување и бегање од одговорноста, ќе биде промовиран во најприоритетен внатрешен проблем во нашата држава (што во реалноста е така). Од решавање на овие проблеми зависат и животниот стандард на граѓаните и успешното функционирање на македонското општество. Потребно е да се креираат порадикални стратегии и политики за дејствување на институциите на системот во насока на градење подобри политики од досегашните како би ги надминале овие општествени проблеми кои долго време алармираат во општеството дека нешто не се презема во правилна насока за да се придвижи системот.

- ***Социјална политика***

Збир од мерки превземени на ниво на една нација, народ ( држава ) со цел да се подобрат или променат условите на материјаното или културното живеење, согласно прогресивниот развој на социјалното право и економските и политичките можности на односната држава во даден момент . 13

*„Активна социјлна политика долгорочна и превентивна*

Социјална политика која се темели врз солидарноста , заемноста и хуманизмот со цел да се создадат поповолни услови за живот и работа на граѓанинот.

Пр. Бизмарк настојува да создаде една активна социјална политика.“ 14

13 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр.394

14 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр.13

## 5. НЕВРАБОТЕНОСТА КАКО ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА

Невработеноста е сериозен проблем со кои се соочува не само нашата земја туку и многу земји во регионот и пошироко. Дали станува збор за лошото менаџирање на државните органи со човечките ресурси во рамките на државата ?

Познато е дека е доволно актуелен проблемот и се расправа за него со години. Но како актуелноста да не е доволна бидејќи итсражуваноста и не е толку голема. Со воведувањето на некои реформи и измени кои се направени од страна на Министерството за труд и социјална работа и Оперативниот план кои го спроведува Владата на Република Македонија се работи на подобрување но дали е само тоа теоретски или се применува и практично засега е сенка на реалната слика. Под невработеност се подразбира најчесто број на лица кои се без работа. Стапката на невработени се дбива како однос на бројот на невработените со бројот на вработените, помножен со бр.100. Точна дефиниција за невработено лице. Лица кои се работоспособни, сакаат да работат и активно бараат работа. Но не можат да ја најдат . Невработеноста е најголем проблем со кои се соочува современото општество. Како последица од ова се недоволната искористеност на домашните ресурси, намалување на средствата од буџетот и на карајот доаѓа сиромаштијата. Невработеноста е најакутен проблем бидејќи предизвикува неискористеност на домашните човечки ресурси и не само тоа туку и губење на истите со тоа што ја напуштаат земјата за подобра егзистенција и излезот го бараат во земјите во ЕУ најчесто но најчест пример за тоа се и Соединетите Американски Држави.

Процесите на вработување и контрола над инфлацијата се клучни за наредниот период бидејќи Република Македонија вистинска стабилизација на економски план ќе доживее тогаш кога македонската економија е поставена на одржлива и трајна основа, животниот стандард на населението ќе биде во пораст како производ на зголемување на вработеноста.

Потребно е да се дифинираат неколку поими поврзани со невработеноста како појава за понатамошно поедноставено сфаќање. Како поимите: невработеност, невработена популација, невработен по своја вина, невработен не по своја вина.

❖ ***Невработеноста;***

**Невработеност** всушност претставува социјално-економска појава, при кое дел од активната работна сила во определена држава или регион бара работа но истата не може да ја пронајде. Како невработени лица според законот се сметаат оние лица (работници ) кои имаат навршено шеснаесет години и се способни за работат, самите сакаат да работат, но немаат каде.

-Невработеност е отсуство во вклученост на работен процес. Како невработени се сметаат лицата кои не работат, активно барале работа и се подготвени да отпочнат со работа доколку ја најдат истата.

Или според социолошки терминолошки речник тоа би значело вака:

Невработеност е општествена појава која се состои во тоа што одреден поголем или помал дел од работоспособното население не е вклучен во производство или во некоја друга општествено корисна работа или дејност.

❖ *„Невработената популација“* се состои од невработени лица кои се со специфична возраст на располагање и не се достапни за располагање на пазарот на трудот во производство на добра и услуги. Кога се мери на краток период тоа се лица кои не се во работен однос и кои би прифатиле соодветна работа или би започнале со претпријатеието за време на референтниот период ако постои можност, или луѓе кои барале начини за започнување во претпријатието во блиско минато.“15

❖ *„ Невработен не по своја вина* - Под невработеност најчесто се смета дека е тоа број на лица кои се без работа. Ова е широко поставена дефиниција која во себе ги

15 Employment and unemployment statistics : **http://www.ilo.org/global/statistics-and-databases/statistics-overview-and-topics/employment-and-unemployment/lang--en/index.htm**

апсорбира децата и младите во пред работна возраст, пензионерите, домаќинците, болните лица, работно-неспособните лица, како и лицата кои едноставно несакаат да работат и не бараат работа. Од тие причини најточна дефиниција под невработени се сметаат сите оние лица кои се способни да работат, сакаат да работат и активно бараат работат, но неможат да ја најдат работата. Скоро во сите земји со пазарна економија битен услов за едно лице да се смета за невработено, покрај работната способност и желбата за работа, потребно е да вложува специфични напори за да се вработи.

Лице на кое работниот однос му престанал: по сила на закон; поради стечај; губење на работната способност; поради отказ; или исполнување услови за остварување право на пензија ."16

❖ *„Невработено лице*

Лице кое е пријавено во Заводот за вработување, способно е и сака да работи и активно бара работи во последние два месеци за вработување. "17

❖ „Невработен по своја вина

Лице на кое работниот однос му престанал : по сила на закон , освен поради стечај по барање на работникот освен поради промена на местото на живеење на брачниот другар или склучување брак неоправдано изостанување од работа последователно три работни дена или пет работни дена со прекин во текот на една година; со отказ од страна на работодавецот поради кршење на работната дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор и договор за работа; одбивање да работи на работи на кои е распореден во согласност со закон ; одбивање на обуки,

16 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр.213/14

17 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр.214

преквалификација или доквалификација за друго работно место кај ист работодавец, одбивање да заснова работен однос кај работодавецот ако го упатил за вработување."[18]

Пазарот на трудот особено во нашата држава многу тешко се врамнотежува. Рамнотежа би постоела само кога не би имало вишок на работна сила т.е. невработени лица и обратно недостаток на работна сила – невработеност.

Стапката на невработеноста се пресметува на следниот начин :

$$\textbf{Стапка на невработеност} = \frac{\textbf{Невработени лица}}{\textbf{Вкупната работна сила}} \times 100$$

Населението го сочинуваат луѓе или групи кои ја прават работната сила. Работната сила ја чинат вработени лица и невработени но кои би сакале да бидат вработени.

Особено е важно националната стапка на невработеноста како варира со тек на времето. Иако не знаеме дали оние кои се вработени ја надминуваат состојбата на сиромаштија бидејќи не се води статистика за нивоата на заработувачка кај вработените.

Статистиките не даваат појасна слика и повеќе информации за невработените лица одошто за вработените .

Не можеме да зборуваме за невработеноста ако не ги запознаеме тековите помеѓу состојбите во едно општество како движењето од статус на вработени во статус на невработени исто така и бројот на лица во секоја од состојбите.

---

18 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр.215

Вкупната работна сила ја сочинуваат вработените и невработените лица заедно.

Видови невработеност :

- Фрикциона невработеност - Фрикциска невработеност настанува поради динамичните пазар на трудот а информациските текови останувaат несовршени.
- Структурна невработеност- Структурна невработеност се појавува тогаш кога има несовпаѓање на квалификациите кои се бараат и оние кои се нудат на пазарот на трудот во одредена област или упростено несовпаѓање на понудата или побарувачката за работна сила на пазарот на трудот.
- Циклична невработеност - Полна или придодна стапка на вработеност.

## 6. Човечките ресурси со ВСС ( дипломирани, магистри и доктори на науки )

Човечки ресурси се најважниот и највреден ресурс. Човечките ресурси се предмет на истражување на Менаџментот на човечки ресурси која е една понова наука. Особено значајни се квалитативните карактеристики на човечките ресурси. Човечкиот капитал е еден од основните производствени фактори. Тој ги опфаќа сите луѓе кои придонесуваат за производство на добра и услуги како земјоделци, трговци, работници во фабрики, професори итн. Како што компаниите се реорганизираат за да се здобијат со конкурентска предност така човечките ресурси играат клучна улога во помагањето на компаниите кои се знимаваат со брзо менување на конкурентната средина и се поголема е побарувачката за квалитетот на вработените.

-Звањето магистер на науки го стекнуваат лица со претходно завршено високо образование, завршени последипломски студии и одбранет магистерски труд.

-Титулата доктор на науки се стекнува со завршување на високо образование, академски степен магистер на науки и одбранета докторска дисертација.

## 7. Невработеноста во ЕУ

Невработеноста во Европа опстојува подолг период но загрижувачки е фактот што се повеќе се одржува на истиот терен. Можеби потсетува на 70-те и 80 – те години од претходниот век и всушност како да е негово навраќање.

Постои урамнотежена ( природна ) стапка на невработеност со која инфлацијата ќе остане стабилна забавена стапка на невработеност или НАИРУ ( NAIRU ) .

Кога невработеноста е под таа стапка, инфлацијата се зголемува, кога е над истата тогаш инфлацијата се намалува. Во 70-те год. беше забележано зголемување на вработеноста над НАИРУ ( NAIRU ). Константните промени во стапката на инфлацијата ќе предизвикаат девијации од НАИРУ кај вработеноста.

Човечкиот капитал на оние што остануваат невработени долгорочно, постепено ќе се обезвреднува, со последица за нивно понатамошно потешко вработување. Тенденцијата за вработување ќе се намали или ќе биде константна и во периодот што следи бидејќи е потребна да се направи добра анализа и набљудување на пазарот на трудот од страна на врботувачите. Бидејќи големата стапка на невработеност варира со незначителни инвестиции или друго со намалена резерва на капитал, може да се појави недостиг на капитал кој ќе ја спречува големата невработеност а реалните плати драстично и понатаму ќе се намалуваат. Причина за невработеноста може да биде недоволно распределена ефикасност на пазарот на трудот а тоа значи не совпаѓање меѓу апликантите за работа и слободните работни места. Како последица од ова стапката на невработеност, конзистентна со стабилната инфлаација ќе се зголеми.

Жак Дрез ја разгледувал можноста за редукција на индивидуалното работно време.

Главен недостаток за редистрибуција на работата помеѓу вработените и невработените е осмислувањето на најасна делотворна теорија .

Самата одлука за вработување налага фиксни " инвестициски " трошоци за фабриките и тие согласно најасната теорија на веројатноста би применувале здружување на вишок на работна сила.

Жак Дрез претставува ниска и кратка платна еластичност на трудова побарувачка. Тој разгледува 3 форми на поделба на работните обврски и тоа:

Размена на работни места преку замена на постарите работници со помлади преку шема на предвремено пензионирање е наједноставниот начин па до поделба на работните обврски преку хонорарна работа и размена на часови за работни места преку кратење и редукција на работно време.

Првиот тип поделба на работни обвсрки е сфатен како најветувачки но во пракса не се имплементира така лесно.

Шемата за предвремено пензионирање е најдобра понудена солуција, така што истата би имала позитивен ефект врз благосостојбата и помалку би влијаела врз организацијата на работата, бидејќи претпоставката е дека помладите работници ќе дадат поголема вредност на редовно работно место отколку постарите.

Снисенс и Дрез велеа дека : Врската инфлација/ невработеност не може да биде изолирана од степенот на искористеност на капацитетот.

Постојат два извора на инфлација – Трошно поттикнати и предизвикани од побарувачката и постојат две детерминанти на вработеноста ефективна побарувачка и производствени капацитети ( работна сила ). Стапките на невработеност и на преголем капацитет, соодветни се одредуваат истовремено врз основа на приходните побарувања ( плати и профити ) и врз основа на класичната невработеност ( невработеност при целосна искористеност на расположивите капацитети ).

Неуспесите на пазарот даваат мотивација за јавна интервенција со цел за поправање на неефикасностите. Мотивацијата е зајакната со постоење на социјални маргиналности. Невработеноста не е товар само за индивидуите во општеството кое се фрустрирани со желбата да работат и имаат стабилен деловен однос, оваа состојба меѓу другото предизвикува и дополнителни реални пречки за општеството на пример пролонгираната неактивност доведува до делинквенција или нарушување на менталното здравје.

Постои мпжност да се креираат нови работни места со :

-Замена на работници со нововработени;

-поделба на работните места: пополнување на едно работно место со повеќе од еден работник;

- замена на работни часови за работни места намалување на работни часои на работни места намалување на работни часови на работа на договор на создавање нови работни места .

## 7.1. Улогата на политиката

Вработеноста во услови на еквалибрум (неврамнотеженост) пред се зависи од повеќе фактори и истата е крајно неефикасна .

Правилата на политиките кои ќе бидат образложени се линеарни и изведени со даноците на плати и од субвенциите по основ на вработеност.

Постои ефикасен еквалибрум ( неврамнотеженост ) меѓутоа мала е веројатноста дека него може да го остварат само претпријатието и работникот. Оттука произлегуваат следните прашања, Дали може да го остварат претпријатието и работникот? Дали може да се смисли политика на начин со кој ќе се потврди дека приватниот еквалибрум е ефикасен еквалибрум?

Алтернативниот приод кон осмислување оптимална политика е да се аргументира дека, генерално екстерналиите на барањето вработување имаат двосмислен ефект врз затегнатоста. Вредноста не може да се случи политиката да не успее да го подобри овој аспект на распределба на ресурсите. Политиката за подобрување на благосостојбата може едноставно да има за цел да го подигне нивото на интензитетот на вработување и резервираните продуктивности и при тоа да не се меша во пазарната затегнатост или да има цел да го конпензира т.е. надомести ефектот на политиката врз истата. Многу е мала

веројатноста интензитетот на барањето вработувања да реагира во поголема мера на инструментите на политиките. Поефективен начин да се подобри интензитетот на барање вработување би можел да биде користење на структурни мерки. Дадениот централен субјект формира агенции за вработување или субвенционира информативни мрежи на пазарите на трудот со кои на едно место се носат претпријатијата и работниците. Улогата на интензитетот на барање вработување во нашиот модел е на едно место да ги донесе субјектите наместо да го наведе да оформат работни места, структурната политика претставува ефективен начин ова да се постигне. Според Волерс " трговијата " во приод кон невработеноста претставува економска дејност за која е неопходен влез ( импут ) на временски и други ресурси.

Сите работни места имаат иста продуктивност додека интензитетот на барањето е фиксен. Клучната променлива што го поттикнува еквалибрумот е отварањето работни места да ја определуваат претпријатијата кои настојуваат да го максимизираат профитот.

Германскиот филозоф Ниче забележал дека „ највообичаена глупост е кога човекот ќе заборави што е она што сака да го направи ". Во ова има голема вистина. Ние често ги мешаме сопствените вистински цели со епифеномени – најчесто ги мешаме своите вистински цели со средствата за нивно постигнување.

Нјзначајна промена е воведена со Договорот од Мастрихт кој пред се, се однесуваше на социјалната политика. Се предложило членовите 117-122 ЕЕЗ да се променат со цел да се прошири социјалната компетенција на ЕЗ со цел да се обезбеди согласност на ЕУ во целост, се согласија да ги отстранат овие промени од главниот дел на Договорот и да ги постават да бидат дел од посебен Протокол и Договор (Договорот за социјалната политика ( SPA ) и Протоколот за социјалната политика ( SPP ) кои заедно се именуваат како Социјално Поглавје кое што се однесува на В. Британија . Она што претставуваше јасен пример на Европа во две брзини В.Британија обезбеди изземање од Социјалното како и одредбите на ЕМУ.

Според член 3ПП ЕЗ, Протоколите кои се Анекс на Договорот претставуваат интегративен дел на самиот Договор.

Протоколот за социјалната политика според ова беше дел од Договорот од Мастрихт и според тоа дел од законодавството на Заедницата. Ако зборуваме за содржината на SPA тој бил значаен од три причини. Го прошири доменот во социјалното поле и ги зголеми областите во кои може да се превземат мерки од страна на квалификувано мнозинство.

Мерките во однос на работните услови, информирањето и консултирањето на работниците, еднаквоста помеѓу мажите и жените во однос на можностите кои ги нуди пазарот на работната сила, третманот на работното место и интеграцијата оние кои се исклучени од пазарот на трудот можат да се се усвојат преку квалификувано мнозинство за гласање.

Втора причина за значењето на SPA се однесува на поголемата улога која се предвидува за социјалните партнери ( претставници на менаџментот и работната сила ): не само што и двете страни ќе се консултираат за можната насока на дејствување на Заедницата и за содржина на предвидените договори, туку тие би можеле да имаат влијание на одлуките на Советот. Може да се забележат две точки , овие нови одредби се директен резултат на социјалниот дијалог во Val Duchesse помеѓу интер-секторските ( од различни индустрии ) социјалните партенери ( UNICEF и CEEP од страна на работниците ) кои започнаа 1985 год. На 31 Октомври 1991 год. овие социјални партнери постигнаа договор .

Па така според ова за прв пат во социјалното поле приватните агенти можат да ја поздрават јавната стратегија.

Второ, овој двостран социјален дијалог ја нагласува повеќестраната и парадоксна природа на принципот на второстепеното значење. Иако, социјалните партнери преговараат ( форма на хоризонтална второстепеност ), тие го прават ова на европско ниво во време кога рецентрализираното колективно договарање е тренд во мн. држави.

Трети причини за значењето на SPA беше повеќе неодредена но сепак значајна: опфаќањето на социјалната политика помогнаа да се ре-балансира недостатокот на еквалибрум која што беше основа на Договорот од Рим и се однесуваше на рамнотежата помеѓу економската и социјалната димензија ) на ( ново именуваната ) ЕУ.

Комисијата започна да ја испитува идната насока на социјалната политика на Заедницата особено фокусира се кон сериозното ниво на невработеност и импликациите на ЕМУ . Соодветниот одговор беше објавувањето на Белата Книга за развојот конкурентноста и вработувањето и Зелената Книга за европската социјална политика во која се презентираа специфичните предлози. Необичната одлука на овие три документи е нагласувањето на социјалните улоги како што се промоцијата на високото ниво на вработување и имплементација на социјалната исклученост и придвижување кон хармонизацијата на социјалните права со поголемо потпирање на приклонувањето, технократската поддршка и мекото законодавство.

Белата книга за растот издадена од DG XVI ( сега позната под името GD за внатрешен пазар ) забележува дека прашањата поврзани со растот, конкурентноста и вработувањето се поврзани меѓу себе и кажа дека програмата за од 1992 год. иако е неуспешна во своите рамки сепак создаде “раст во кој има недостаток од работни места “. За да се потенцира проблемот на ЕУ со високата невработеност, се предложи пакетот на предлози со силен микс на дерегулативи и активни мерки за пазарот на трудот. Овој опис ја поддржа неодамнешното фокусирање на Унијата кон подигнување на нивото на вработувањето.

Во меѓувреме, Зелената и Белата книга за социјалната политка издадени од DG X ( сегашен GD за вработување социјални работи и еднакви можности ) се насочи кон консензуална изградба заснована на делење на вредностите за да се создаде европски социјален модел .

## 7.2. *Социјален наслов*

Со одлуката Велика Британија да се изземе од Социјалното Поглавје IGS Амстердам се согласи да го промени Поглавјето на социјалната политика инкоорпорирајќи ги двата члена 117-121 Договорот на ЕЗ во нов дел насловен како Унијата и граѓаните IGS исто така се согласи на 3 значајни промени во текстот на новото Поглавје за Социјалните одредби.

Како 11 земји членки според SPA во Мастрихт се согласија повикувајќи се на своја желба да ја имплементираат Социјалната Повелба од 1989 год. врз основа на “aquis comunitare“ сепак повикувањето на Социјалната Повелба од 1961 год. усвоена од Советот на Европа е ново како Судот веќе се повикуваше на неа како извор фундаментални права во неколку различни случаи.

Втората промена се однесуваше на членот 137, кој што ја заменува процедурата за соработка со процедурата за ко-одлука која е дел од членот 251.

Користењето на членот 251 се прошири со цел да се овозможи Советот да ги усвои мерките кои се создадени да се потпише соработка помеѓу земјите членки преку иницијативи насочени до подобрување на знаењето, развој на размена на информациите и најдобрите практики, промоција на иновативни пристапи и евакуација на искуствата со цел да се реализира борбата против социјалната исклученост.

Третата промена се однесуваше на значењето на еднаквоста помеѓу мажите и жените.

Советот ги усвои мерките повторно во согласност со процедурата за ко-одлучување на членот 251 да се обезбеди примена на принципот на еднаква исплата за еднакво извршена работа или работа со еднаква вредност.

Друга значајна новина во Договорот од Амстердам беше вклучување на новиот Наслов за Вработување кое се воведе како резулатат на притисокот на Франција и на Скандинавските земји.

Новата задача за Заедницата за “високо ниво на вработување и социјална заштита “ беше воведена преку членот 127( 2 ) членот 125 кој беше клучот на Одредбите на новиот Наслов гласеше Член 125 изгледа дека акцијата е заеднички спроведена од страна на земјите членки и Заедницата, клучните актери според Договорот се земјите членки . Членот 126 бараше од земјите членки да ги координираат своите политики за промовирање на вработувањето ( кое се смета за прашање од заеднички интерес ) во рамките на Советот на начин кој што е во согласност со сеприфатните економски насоки кои се одредени во рамките на ЕМУ кој што го објавува советот на годишна основа како дел од процесот за обезбедување на економската стабилнсот и приближувањето.

Вклучувањето во насловот за вработување го означи признавањето на европските земји, особено го одобрија на средбата во Мастрихт во однос на зголемена меѓусебна зависност на економската политика на ЕЗ.

Договорот од Амстердам ја претставуаше кулминацијата иимплементацијата на обидите на Комисијата за време на 1990 год. преку нејзините расправи за мекото законодавство за да се создаде подобар микс помеѓу економската и социјалната политика.

На Смитот во Лисабон 2000год. Унијата си постави нова амбициозна стратешка цел, да стане најконкурентна и најдинамична економија заснована на знаење во светот, способност за одржлив економски раст со повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија.

Стратегијата имаше три меѓусебно зависни гранки: економска гранка со што ЕУ стануваше поконкурентна, со стабилна и одржлива економија, гранка за животна средина ( особено за одржлив развој ) и социјална гранка ( модернизација на европскиот социјален модел инвестиција во луѓето и борба против социјалната исклученост ). Оваа стратегија е дизајнирана за да и овозможи на Унијата повторно да се стекне со условите за целосно вработување на регионалната кохезија во ЕУ.

Второ културно нагласување на социјалната политика на Заедницата се промени заштита на вработувањето , давајќи им права и на оние кои веќе работат.

Отворениот Метод на координација се опишува како средство за ширење на најдобрите практики и постигнување на поголемо приближување на главните цели на ЕУ преку помагање на земјите членки да ги развијат своите сопствени стратегии. Имплементацијата на ОМК ги опфаќа алатките како што се индикаторите и реперите како и размена на искуства, разгледување на позициите и ширењето на добрите практики.

Особено во Лисабон последователно и во Стокхолм , ЕС и постави задача на ЕУ да постигне општа стапка на вработување од 70% до 2010 год. Стапката на вработување од преку 60% за жените и стапка за вработување кај постарите мажи и жени од 55-64 год. ) од 50 % .

Со својот средишен преглед на Лисабонската стратегија во 2005 ЕС во Брисел призна дека постојат значајни задоцнувања при остварувањето на овие цели и повторно објавување во Лисабон. Не се повикаа на крајниот рок до 2010 год. По традицијата на национално ниво социјалната политика се смета дека служи на социјалната правда /социјалната кохезија или функцијата за поправање на пазарот.

Според зборовите на Маршал, социјалната политика го вклучува користењето на политичката моќ замена на снабдување или примена на операциите на економскиот систем со цел да се постигнат резултатите кои самиот економски систем нема да ги постигне придружен со вредности кои се разликуваат од оние кои се одредени од пазарните сили. Овие вредности ја вклучуваат потребата да се редистрибуираат приходите и ресурсите со цел да се промовира социјалната инклузија и кохезија, па според тоа да се обезбеди политичка стабилност . Како што ќе видиме елементите од ова логично размислување ја земаат во предвид и обновената сила преку развојот на населението во ЕУ што може да се забележи при развојот на социјалното законодавство на ЕЗ. Од друга страна, економското управување преку фрагментираниот суверенитет и меѓународните односи повеќе одговара на создавањето на пазарот преку негативната интеграција и зајакнатата ефикасност на регулативите отколку институционалната изградба и редистрибуитивна интервенција или пазарно искривување.

Според ова Договорот од Рим ја обврзува Заедницата на :

Развој на нов вид социјална политика која се грижи за создавањето на пазарот а не за поправање на пазарот со цел да се создаде интегриран европски пазар на трудот и да се овозможи ефикасно функционирање а не поправање во насока со политичките стандарди за социјална правда.

## 7.3. *Нивото на невработеност во Европа кон средината на 90-те*

До средината на 90-те ЕУ беше засегната со висока стапка на невработеност во Европа, поставувајќи портали од САД каде степенот на невработеност беше понизок отколку што беше на европскиот просек и каде степенот на создавање беше повисок на пр. во 1996 процентот на невработеност остана на 5 % во САД споредено со просечна невработеност кај 15 земји членки на ЕУ која изнесуваше 11 % . Во периодот помеѓу 1971 и 1994 год. вработеноста кај граѓаните се зголеми за 55 % во САД додека во ЕУ на 11% .

Во САД 1995 год. само 9,7 % од вкупниот број на невработени не беа вработени 12 и повеќе месеци додека во ЕУ овој % варираше помеѓу 17% во Австралија и повеќе од 60% во Белгија и Италија.

Жените и постарите мажи, општите работници и младите работници кои имаа ниско образование беа диспропорционално застапени Долгорочна структурна невработеност и означениот регионален дисбаланс на невработеност беа динамични во делови од Унијата.

Во Извештајот за процентот на невработеноста се објаснување дека колку што е можно повеќе индивидуи треба да имаат врзаност со светот и вработувањето и да дадат свој придонес како и активно да учествуваат во општеството и да ги уживаат бенефициите од

прогресот и просперитетот. Придонесот на невработеноста, социјалната кохезија и личното достоинство беше исто така нагласено во Револуцијата за растот на вработувањето на Советот на Еропа во Амстердам.

Еконосмката ефикасност и социјалната инклузија се комплементарни аспекти на покохезивно општество кое сите тие го посакуваме.

### 7.4. ***Методи за решавање на проблемот со невработеноста во Еврпа пред Амстердан Советот од Есен.***

И покрај тоа што постоеше согласност за зголемување на % на вработеноста сепак немаше согласност како да се реализира истото.

Миксот од стратегиите како и значењето на Белата книга кое е засновано од тој микс на стратегии за вработување и нивната комбинција на дерегулаторна агенда со активни мерки на пазарот на трудот, беше прифатен на Самиотот на Есен во 1994год. каде се идентификуваа пет приоритети за создавање на работните места.

1. Поголема инвестиција во професионалната обука особено за младите луѓе е доживотното учење.
2. Зголемувањето на интензитетот на растот на вработувањето преку пофлексибилна организација на работата во растечките сектори како што се еколошките и соцјалните услуги.
3. Намалување на трошоците кои не се поврзани со платата на работната сила
4. Напуштање на пасивната и насочување кон активната стратегија за пазарот на трудот, елиминирање на дестимулациите, обезбедување на соодветни мерки за поддршка и разгледување на ефикасноста на инструментите на стратегијата на пазарот на трудот.

5. Подобрени мерки за да им се помогне на чуѓето кои се особено засегнати од невработеноста, особено квалификуваните лица кои го напуштиле школувањето, лицата кои подолго време не се вработени и лицата кои се повозрасни и бараат работа.[19]

Четирите Главни столба од Луксембург ( Советот на Европа ) ноември 1997 год.

- Првиот столб за вработувањето се фокусираше на долгорочната превенција и невработеноста на младите преку средства за професионална едукација и обука и активни стратегии за пазарот на трудот вклучувајќи го и вработувањето на младите работници во шеми за работно искуство и субвенции за работодавците кои нудат обука.
- Подобрување на вработувањето
- Развој на претприемништвото
- Олеснување и започнување на водење бизнис
- Охрабрување на адаптација во бизнисот и неговите вработени.
- Зајакнување на стратегиите за еднакви можности.

## 8. Улогата на Договорот од Лисабон на социјалните прашања

Лисабонскиот договор имаше многу значајна улога. Со Лисабонскиот Договор дојде до зајакнување на социјалната димензија на Европа така што се воведоа некои нови елементи кои се однесуваат на правата и цените, но не само во однос на содржината на политиките туку и на начините за донесување на одлуките.

---

19 Писаредиес, А. Кристофер. 2000 *ТЕОРИЈА НА НЕВРАБОТЕНОСТ ВО УСЛОВИ НА ЕКВАЛИБРИУМ* второ издание, Арс Ламина Доо Скопје, стр.197/8

Социјалните политики се во надлежностите на државите.

Она што е важно Лисабонскиот Договор и даде нови социјални цели на Европската Унија и тоа:

- Целосно вработување и социјален напредок;
- Борба против социјалното исклучување и дискриминацијата;
- Промоција на правдата;
- Искоренување на сиромаштијата итн.

„Социјалната одредба –налага во политиките на Унијата да се земат во предвид и социјалните барања.

Овие барања се „поврзани со промоцијата на високото ниво на вработеност, гаранцијата на соодветна социјална заштита, борбата против социјалното исклучување и високото ниво на образование, обука и заштита на човековото здравје.“20

Исто така е важно да се спомне дека Лисабонскиот Договор го зајакна социјалниот дијалог и улогите на социјалните партнери. Европскиот совет се посветува на растот на вработувањето.

---

20 Лисабонскиот договор во 10 графички прикази, 2010, Фондација Институт отворено општество-Македонија стр.21

## 9. Невработеноста како синоним за социјално исклучување

Најчесто невработеноста може да биде причина за социјално исклучување. Невработеноста кај многу луѓе кои останале без работа и се соочуваат со овој проблем најчесто ја доживуваат како комбинирање од приход еднаков на сиромаштија и ограничувачка способност за враќање на пазарот на трудот. Тие сметаат дека не ќе може да бараат толкава плата како би им донела приход, со кој би го намалил ризикот од повторна евентуална невработеност.

Долгорочната невработеност е причинител за зголемување на социјалното исклучување, особено кај лица кои веќе работеле.

Покрај социјалното исклучување, невработеноста може да придонесе за влошување на здравствената состојба најмногу на психичката, доколку во семејството нема вработен член личноста може да доживее и повеќекратна депривација.

Во креирањето на социјалните политики невработените кои се засегнати имаат право да бидат предмет на жолчни дебати водени од економистите, експертите и креаторите на социјалните политики. Но за жал невработените секогаш се најтивки и беспомошни а институциите се „глуви" за нив.

## 10. НЕЕДНАКВОСТ

Во услови на Светска економска криза се повеќе се среќаваме со нееднаквости особено со економска и социјална, но исто така се манифестира и во политичката и образовната сфера на живеење.

Економската нееднаквост е производ од различните услови на пристап до расположивите државни материјални добра кои се важни за личната потрошувачка и животниот стандард на индивидуите.

„Современите општествата, свесно или несвесно развија систем и методи за социјална диференцијација кои неминовно предизвикаа зголемување на социјалната нееднаквост. “[21]

Социјалната нееднаквост пред се резултира со отсуството на колективна одговорност, свртеност кон самоинтересот, егоизам, губење на чуство за солидарност, индивидуализам и водечката улога на системот на пазарна економија.

Општеството во недостиг на овие вредности станува дисфункционално од аспект на општественото значење и прогресот. Живееме во општество каде има делумно отсуство на морални вредности. Но ништо не е загубено, треба да се тежнее за афирмација на истите вредности. Во ова (не) време, каде преовладува осаменоста, изолираноста, луѓето зборуваат на еден многу важен елемент а тоа е топлината и љубовта кои може да прострујат во нас оставаат трага во сеќавањата. Човекот е живо суштество и при тоа е условен од комбинација на сопствени и општествени норми и вредности. Човековата душа постојано се “труе” со егоизам. Луѓето постанале хедонисти повеќе или помалку.

Кога зборуваме за солидарноста мислиме на блискост, заеднички интереси, чувства, нешто што не сплотува. Секој на свој начин дејствува и мисли за доброто на сите, на општеството или заедницата во која е затекнат. За жал како во повеќето општества па така и во нашето солидарноста е на значително пониско ниво одошто некогаш. Таа сеуште е застапена во политичките партии и во верските заедници но со помал интензитет, па тука се отвараат прашања од типот колку и дали луѓето се обземени со чувството на егоизмот, каде секој цели кон остварување на сопствените интереси. Индивидуите се во толку блиски релации навидум, а истовремено се толку далеку. Да се биде солидарен и негува солидарноста во општеството е возвишеност, меѓу другото треба да биде и општествена одговорност. Додека материјално се збогатува човекот тој истовремено се повеќе се осиромашува човечки или духовно.

---

21 Гоцевски Т. Гоцевски, С. ( 2013) , *СОЦИЈАЛЕН МЕНАЏМЕНТ И АКТИВНИ СОЦИЈАЛНИ ПОЛИТИКИ* , Филозофски факултет , Скопје, стр:226

Марксовата теза се повеќе се потврдува „на местото на сите физички и духовни сетила дојде самоотуѓувањего на сите тие сетила, сетилото за имање. Приватната сопственост нè направи толку глупави и немоќни што предметите стануваат наши само ако ги имаме, т.е. ако тие за нас постојат како капитал и ако ги поседуваме, јадеме, пиеме; т.е. ако ги употребуваме. Наспроти сето наше богатство ние сме сиромашни по дух, зашто имаме многу, но сме малку.“ Просечниот човек чуствува несигурност и осаменост потиштен е од страв од недостаток на радост среде изобилие. Цело време единката во општеството е под притисок на слогани и совети, со гласови од нестварноста кои му го одземаат и последното зрнце реализам што му останало. Единствен начин за да се спаси и избега од чувството на осаменост и загубеност е тоа да го прифати конформизмот. Човекот не само што е оттуѓен од општеството, тој е отуѓен и од самиот себе па така тој постојано се поклонува на своите дела. Човекот попрво би си го уништил животот одошто да умре од здодевност. Егоизмот е како црв кој се храни со омразата и тој црв ги ништи здравите плодови – луѓето.

Социјалната нееднаквост е всушност социјална ексклузија ( исклучесност ) на одредени групи или индвидуи во општеството как и нивно сегрегирање во подолните општествени слоеви, каде имаме процес на стратификација  или општествено раслојување.

Како консеквенција на неднаквостите имаме појава на сложена социјална состојба-сиромаштија.

# 11. НЕВРАБОТЕНОСТА КАКО ФАКТОР ЗА СОЦИЈАЛНА ЕКСКЛУЗИЈА

Овој термин е дефиниран и наметнат од социјалната политика, има значење на исклучување, изземање или ограничување на одредени личности или групи во општеството. Невработеноста која е присутна со години во се поголема бројка, последниве години и во услови на економска криза таа тлее се повеќе и е главен виновник за социјалната ексклузија.

Кога се мисли на социјална ексклузија најчесто тоа може да биде сфатено како " беда " што не е термин кој соодвествува за негово поистоветување. Социјалната ексклузија не опфаќа само само сиромаштија туку повќе од тоа. Иако се повеќе излегуваат образовни кадри и свесни сме дека генерално земено помладите се пообразовани од постарите генерации, но сепак гледаат право во очите на "безработицата".

Во Република Македонија има поголем образовен потенцијал и продуктивна работна сила но за жал се повеќе е неискористен тој човеков потенцијал. Овие високо образовни кадри се соочуваат со сиромаштијата, незадоволството, немање услови за живеење со нивните родители па тие светлата точка во "тунелот" ја гледат надвор од државата. Жалосно е тоа што има се повеќе " одлив на мозоци" бидејќи државата инвестира во тие кадри за на крајот да си заминат од земјата, наместо да и возвратат.

Неварботеноста несомнено предизвикува девалвирање на сопствениот дигнитет.

Загубата на човечките реурси е исто толку голема колку што е и стапката на невработеноста. Навработеноста е основен проблем кој доведува до влошување на материјалната и социјалната сигурност.

Овие состојби го менуваат местото на индивидуата во општествената стратификација.

Терминот екслудираност е посоодветен за употреба во однос на употребата на терминот ексклузија. Бидејќи може да се случи да се биде сфатено како нешто позитивно или нешто екслклузивно. Ексклудираноста најчесто може да има социјален и економски карактер.

Невработеноста исто така може да предизвика социјални болести кај една индивидуа и тие најчесто се предизвикани од социо-економските последици, кои може да доведат до ментални заболувања кај индивидуата или пак наркоманија, алкохолизам и сл.

## 12. МОРАЛНИОТ ХАЗАРД И НЕВРАБОТЕНОСТА

Моралниот хазард ни ја претставува веројатноста врз која може да влијае поединецот односно невработеното лице. Кога се мисли на веројатност значи: веројатност од губење на работа и второ да најдат ново вработување.

Емоционалните трошоци од невработеноста се многу поголеми одколку материјалните. Тие не можат да се измерат кај луѓето. Емоционалните трошоци се многу високи во случај кога невработеното лице бара работа но поради недостаток на слободни работни места на пазарот на трудот не може да најде истата. Низок емоционален трошок имаме кога лицето бара ново вработување и не е задоволен од веќе постоечкото.

Тука станува збор за силно изразен морален хазард.

Невработеноста е доста комплексна како проблем. Таа може свесно или несвесно да се пролонгира. Процената за да утврдиме дали лицето е невработено поради недостаток на работна сила е многу тешка и не може да биде веродостојна бидејќи не можеме да ги знаеме мотивите на невработените.

## 13. Општествено уредување

Под терминот *општествено уредување* се подразбира севкупното регулирање на општеството од страна на институциите кои се задолжени за тоа и за регулирање на односите помеѓу социјалние групи и државните легитимни институции. Невработеноста може да биде показател за тоа дека е слаба социјалната политика во една земја. Но исто така таа може да биде последица на премногу јака социјална политика која се води. Иако тоа зависи од поврзаноста со стопанското и социјалното уредување не можеме да дадеме јасна дијагноза.

Резидуален модел, означува задоволување на потребите на граѓаните преку пазарните механизми. Државата им помага на крајно загрозените случаеви преку социјалните сервиси најчесто за сиромашните.

Социјалната политика во една држава во ниту еден случај не смее да биде статична, напротив системот треба постојано да се менува и прилагодува со економијата.

Самиот социјален систем на државата го легитимира работодавецот да дејствува ефикасно и во социјална насока како би се осигурала социјална сигурност.

## 14. Социјалното осигурување во случај на невработеност и сиромаштија

Сиромаштија и невработеноста претставуваат најголеми социјални проблеми на денешницата. Двете заедно се најраспространети болести кои се повеќе го напаѓаат човекот. Лекот против овие "оппштесветни болести" сеуште не е изнајден во универзална и единствена форма. Ако се сигурни и стабилни социјалните политики тогаш треба неговото производство да биде поголемо.

- Активно барање работа

Обврска на невработеното лице редовно да се пријавува во Завод за вработување во рокови на утврдување со закон и да приложува доказ дека се пријавувало на огласи чиј работодавци или во Заводот . 22

- Заштита во случај на невработеност

Задолжително осигурување во случај на невработеност за сите работници кои се во работен однос ( Закон за вработување 1997).

Заштита во случај на невработеност е во постојана динамика во пост-комунистичките земји.23

*Моделот на Беверџ*

Модел на социјална држава во која секој граѓанин е заштитен против сите ризици, бенифицирајќи униформни престации, а системот на социјално осугурување е раководен од еден центар.

Беверџ се залага за еден сосем поинаков модел на социјално осигурување подоцна познат под наивот – модел на Беверџ. 24

22 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр:16

23 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр:88

24 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр: 181

*Моделот на Бизмарк*

Модел на државата на благосостојба која се однесува на социјална солидарност и одговорност на државата и социјална заштита, во која државата ја наметнува обврската за задолжителните придонеси од работодавачите и работниците со цел заштита на работните сили од различни социјални ризици. Со моделот на Бизмарк се воспоставуваат темелите на современиот модел на социјална заштита.[25]

## *15. Бизнис компаниите и општеството како социјален дијалог помеѓу двете страни.*

Државата треба да е таа што ја има главната улога за развивање коорпорациска свест во општеството. Таа треба да изнајде начин како да му отстапи место на бизнисот за да придонесе до економски раст, да обезбеди нови можности за вработување како и подобрување на животниот стандард. Покрај ова социјалниот дијалог на двете страни вклучува и други специјални вредности кои се доста знаајни за XXI век. Човековите права, здраствената заштита, еднакви можности за вработување, заштита од мобинг, искоренувањето на сиромаштијата се современите општествени проблеми на XXI век.

Бизнис климата која се гради во општеството има мошне значајна улога во него. Бизнисот треба да е главниот мотор за економски прогрес на општеството. Но за да бизнис секторот се мотивира и може да работи во правилна насока државата треба да направи поисплатливи пакети кои ќе им ги понуди на бизнис компаниите а воедно ќе привлекува и повеќе инвеститори.

Терминот, социјална одговорност е стар колку и човештвото па така е тежок за дефинирање. Постојат најразлични дефиниции.

---

25 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр: 191

## 16. Депривација како производ од невработеноста

Депривација можеме да ја дефинираме како беда од нешто односно лишеност. Иако навидум изгледа како да станува збор за сиромаштија но постои значителна разлика. Кога спомнуваме депривација најчесто се мисли на материјално. Депривацијата води кон социјално исклучување .

Во Р.Македонија депривацијата завзема се поголем замав.

*Материјална депривација, сиромаштија, социјална исклученост во Р.Македонија*

Според достапноста до одредени добра и можности за задоволување на егзистенцијални потреби, 494 домаќинства или 30,8% домаќинства во Р.Македонија се материјално лишени ( погдени ) , бидејќи не можат да обезбедат 4 и повеќе ставки од листата на 9-те неопходни ставки.

Иако можеби не се декларираат како сиромашни и не можеме да ги сместиме во групата на лица погодени од сиромаштија но факт е дека многу луѓе од населението на Р.М. се изложени на ризик од сиромаштија.

Проблемите кои се јавуваат од сиромаштијата и социјалната исклученост се сериозна бариера за економскиот и социјалниот развој за државата. Особено треба да се внимава кога се дефинираат националните цели во однос на сиромаштијата и социјалната исклученост. Исто така може да се земе како алат во насочувањата на мерките и инструментите на социјалната политика во државата.

Сиромаштијата еминентно преовладува кај невработените лица.

„Линија на сиромаштија

Однапред определено или дефинирано ниво на животен стандард пред кое секое лице се карактеризира како сиромашно.

Најшироко употребувани се :

*Апсолутна линија на сиромаштија* која е базирана на утврдување апсолутен стандард на опстојување за минимум трошоци.

*Релативна линија на сиромаштија* се дефинира како одредено ниво на стандард, што зависи од распределбата во општеството ( медијален приход, просечен приход, ниво на приход како процент на распределба на приходот итн.); субјективна линија на сирмаштија претставува субјективен стандард на опстојување, кој се заснова на мислењата изразени од целата популација за нивото на потрошувачката, неопходно да се избегне сиромаштија ( социјално прифаќање минимален стандард на живеење на одредено општество ).26

Односот е обратно-пропорционален односно лицата кои се во ризик од сиромаштија истовремено се соочуваат и со други социјални проблеми како невработеноста и материјалната деприваци ја.

Исклулучувањето на лицата од пазарот на трудот, индикација за социјална исклученост се јавува и кај лицата што се исклучени од системот на социална заштита. Главниот фактор за материјална депривација кај домаќинствата во Р.М. е нивната финансиска немоќ.

Проблемите кои се поврзани со материјалната депривација најтешко се решаваат бидејќи интервенциите на политиките немаат директни ефекти. Но индиректните мерки како трансферите од социјална заштита, финансиските субвенции за примателите на социјална помош, финансиски субвенции за приматели на социјална помош како и подарежливи даночни политики кон насеелението кое е изложено на ризик, може да придонесат за подобрување на нискиот животен стандард и намалувањето на материјалната депривација.

26 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр. 168/9

Во високо развиените индустриски и пост - индустриските општества невработеноста е експресија на значителните промени во работен контекст и карактер.

Новите технологии, новите продажни методи и висока работна продуктивност, скратено работно време и новиот начин на живеење за време на моќната трета и четврта научно-технолошка револуција.

Овие промени му испратија порака ДОВИДУВАЊЕ на пролетаријатот. Пролетаријатот е марксистички израз. Карл Маркс зазема посебно место неговите идеи се општествени идеи. Според Карл Маркс таму каде што завладеал техничкиот напредок и технолошкиот процес на производство е во експанзија и постојано се модернизира, би требало да има најмал број на невработени и сиромаштија, најмалку гладни бидејќи технолошкиот развој . Карл Маркс е препознатлив по својата глорификација за средствата за производство, бидејќи производството на средствата за живот е она што го шрави човек и го изделува од ивотинскиот свет.

Невработеноста во овој вид на општество не е општествена, " не толку атрактивен проблем " но е вистинска експресија ( изразување ) за прогрес на истата.

Сиромаштијата најчесто знае да резултира со изолација и маргинализација. Р.Македонија во периодот на транзиција се соочуваше со следниот проблем: превработеноста во шретпријатијата а се зголемуваше се повеќе невработеноста. Кај нас во Р.М проблемите со невработеноста се решаваат секогаш поспоро од предвиденото но не дека не е случај и со останатите земји од Балканот посебно земјите од екс Југославија.

Реалната слика е погубна поради што тоа што голем број на невработени се млади лица кои се високо образовани. Ова е показател дека општеството е во голема загуба од неискористениот капацитет на младата работна сила и за инвестирање во истата за професионалната квалификација и образование. Најголем број од младите во своите најпродуктивни години се доведени до положба на исчекување така што чекаат вработување а реално тоа се годините во кои може најмногу да му дадат на општеството , да допринесат за негов развој.

Невработеноста во Р.М. не само што претставува економски проблем туку и тежок социјален проблем и мошне депресивна содржина на човековиот развој. Во суштина невработеноста е сеоцио-економска појава.

Долгорочното чекање на младите за да се вработат го намалува угледот на општествено-економскиот поредок на земјата и во себе крие голема опасност за социјалниот мир и развој како и за сабилноста на земјата. Долгорочната невработеност пак води до обесхрабрување на тие што чекаат да се вработат.

Сиромаштијата е се поприсутна кај лицата со прониско образование. Повторно вработување е тешко кај лицата кои се подолго невработени поради губењето на вештините и опаѓањето на моралот. Најчесто младите живеат под заштита на родителите односно содидарноста поради безработицата. Фрустрациите кои се предизвикани од невработеноста прави индивидуите во општеството да ги одлагаат општествените функции- како склучување брак, родителство и слично.

Додека кај веќе воспоставените брачни заедници доаѓа до дисфункционалност однсно нарушување на функциите на семејството.

Со самото тоа генерално стапката на брако-разводи е се поголема. Најголем виновник за тоа е невработеноста, бидејќи од таму произлегуваат сите проблеми а неминовен проблем е и материјалната сигурност.

Социјалните проблеми и проблемот со невработеноста имаат корени од периодот на транзицијата а со тоа има причинско-последичен карактер. Денес, Р.Македонија се окарактеризира со старо-нови социјални проблеми.

Третираањето на социјалните политики може да кажеме дека во науката заземаат посебно место и се пристапува со голема одговорност. Проучувањето и следењето на социјалните проблеми треба да резултира со соодветни идеи за адекватен однос на носителите на општествениот развој. Високата стапка на невработеноста со која се соочува Република Македонија претставува најманифестна форма на деградација и ризик од сиромаштија. Исто така ова преставува и пример за маргинализација на човечките ресурси во нашето општество .

Социјалната стратификација односно општествената мобилност има влијание врз социјалната кохезија. Слабата економска моќ и беспарицата доведуваат до културно осиромашување, социјално исклучување и слабеење на роднинските врски во општеството а со тоа имаме слаба кохезија. Секојдневно луѓето се во трка со егзистенцијалните проблеми, па поради тоа се прибегнува кон нелегалните начини за остварување на овие цели. Ударни проблеми кои го „тресат“ македонското општество се:

- Сиромаштијата;
- Реалната и прикриената невработеност;
- Социјалните ( општествените девијации ) ;
- Демографските движења ( емиграции) итн.

Неварботеноста и сиромаштијата се најчество врзани и одат рака под рака .

Последиците од овие две општествени појави крајно негативно се одразуваат во психо-социјалниот живот на една индивидуа.

Некои од социолозите сметаат дека "постои јазик на сиромашните “, поглед на сиромашните, исто како што други сметаат дека постои култура на сиромашните. „Да се биде сиромашен значи да се биде странец внатре во сопствената држава, да се расте во култура која е радикално различна од онаа која преовладува во општеството. “. 27

27 ( 2001 ) , *ТЕНДЕНЦИИТЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И МОЖНОСТИТЕ ЗА НЕЈЗИНО НАМАЛУВАЊЕ* , Friedrich ebert & Институт за социолошки и политичко правни истражувања, Скопје, стр:61

### *17. Тенденции на сиромаштија и можности за нејзино намалување*

Постоењето на култура на сиромаштијата е исто така и оспорувано од некои социолози. Да се биде сиромашен зависи од тоа како живееш а не од тоа како се чуствуваш, е суштински став на ова сфаќање, според кои тоа значи да се биде исклучен од начинот на живот кој е карактеристичен за дадено општество.

УНДП имаше инвестирано во креирањето на работни можности во Македонија а со тоа индректно помагање за намалување на сиромаштијата.

Инвестирањето беше воглавно за краткорочни работни места, од 2003 год. се креираа одржливи работни места. Социјална инклузија е клуч пилар од УНДП поддршката во Македонија, за поддршка на активен пазар на трудот истражувајќи на почетокот мн. важен елемент.

Важноста на социјалната политика во општествата има примарна улога за едно стабилно и хармонично општество всушност како што е и значењето на самиот збор, кое води кон напредок. Социјалната политика што ја имплементираат органите на државата можеме да заклучиме дека таа има улога да го доведе општеството во една состојба на благосостојба или економска стабилност, или поедноставено да не дојде до дисконтинуитет на општеството.

Пред се на секој граѓанин државата има должност да му овозможи еднаков третман и еднаков пристап кон институциите но и да се намали дискриминацијата. Нема совршено општество но сите тежнеат на некој начин да се приближат кон идеалноста ако може така да се каже и да се сведе на нулата кршењето на човековите права односно граѓанските права.

Политиките кои ги спроведуваат државите се разликуваат од едно до друго општество но притоа има одредени универзални како здравството, образованието , социјалната заштита и сл. Во Европската Унија еден на 5 милиони луѓе е во ризик од сиромаштија или социјална екслузија осносно исклучување и 40 милиони во ризик од загуба на работата.

Лидерите на Европските држави прават напори и стратегии за подигање на овој минимум на 20 милиони луѓе надвор од сиромаштија, социјална екслузија и сл. За следната

декада. Со вака поставени амбициозни стратегии ќе се осигура битката со сиромаштијата и невработеноста, но бара трпение ,многу посветеност, мобилизација и работа.

Брзиот раст, ефикасното креирање наработни места и едукативните политики се круцијални за редуцирање на сиромаштијата и социјалната ексклузија. Истовремено занимањата се намалуваат со јавни финансии и реформирање на системот за заштита ќе има две цели нивна заштита и стабилност и адекватност или прилагодување.

Земјите членки на ЕУ големо значење им придаваат на стратегиите за активна инклузија , успешното вклучување  и еднаков пристп на сите на пазарот на трудот.

За да се имплементираат успешно стратегиите потребно е подобрување на покриеност и адекватност на социјалната заштитна мрежа и нејзина достапност но и осигурувањето на развојно финансирање од високо социјални услуги и исто така е круцијално.

Успехот на Европа 2020 Стратегијата зависи од интегрираноста и кохерентната поврзаност помеѓу релевантните политики во областите и социјалното учество, вработеноста и екномските политики како доброто за поблиска соработка помеѓу сите нивоа на владата, социјалните партнери и граѓанското општество. Стратегијата 2020 е имплементација која ќе има силно влијание и кохезиона.политика и територијален развој во земјите.

Територијална кохезија е нов хоризонтален сегмент во политиките на ЕУ и всушност значи дека сите делувања се имплементирани во територијални средини.

## 18. Влијание на пазарот на трудот врз социјалниот дијалог во РМ

За да го разбереме влијанието на пазарот на трудот врз социјалниот дијалог потребно е да се анализираат тековите на работната ( вработеноста и невработеноста ) сила во периодот на транзиција.

Синдикатот кој има улога на колективен преговарач во тактиките и стратегиите наоѓа почесто на еден голем проблем, во континуитет се соочува со проблемот невработеност и се почество акцентот се става на задржување на работните места а не на зголемување на платите. Во овој случај синдикатот има "одбранбена" преговарачка стратегија, со работодавачите и државата седнуваат да преговараат за задржување на работните места, веќе стекнатите права и висината на зработувачката.

Денес односно во услови на светска економска криза, можеме да кажеме генерално улогата на синдикатот е зачувување на работните места на сметка на подобрување на основните материјални права кои треба да ги уживаат работниците: повисока плата, повисок надоместок и сл. Високата стапка на невработеност има големо влијание на (не) моќта на синдикатот но и на социјалниот дијалог, законодавството во оваа насока и колективните договори. Ова говори дека во услови на криза работодавачите се во предност односно имаат повеќе моќ врз синдикатот во однос на преговарањето и социјалниот дијалог.

Повеќе од очигледно е дека пазарот на трудот ја креира насоката во која ќе се движат работите но и на содржината и евентуалната измена на трудовото законодавство, тој виљае на моќта на актерите кои во случајот се синдикатот и вработените.

Развиен социјален дијалог во едно општество има многу позитивни ефекти: создава позитивна клима, хармонија и разбирање на социјалните партнери во креирање на здничките социо-економски политики. Наспроти ова слабиот социјален дијалог создава конфликти, неусогласеност во однос на социјалните и економските политики.

Социјалниот дијалог каков третман и да има во општеството тој влијае врз општествените промени. Неговата улога е создвање на економски просперитетно

општество а неговото отсуство продуцира социјални немири и индустриски конфликти кои негативно се одразуваат на вкупниот општествен развој на едно општество.

Потребата од проблематизирање на социјалниот дијалог како фактор на позитивни општествени промени е иницирано пред се заради разрешување на некои актуелни проблеми кои во моментот се пречка за поинтензивен и подинамичен социјален дијалог што би резултирало со подобрување на бипартитниот и трипартитниот социјален дијалог во државата, како и креирање на синхронизирани економско и социјални политики во државата.

Темата доби на актуелност од причини што во ЕУ социјалниот дијалог зазема многу важно место а Македонија како земја-кандидат за членка на ЕУ мора да се труди да го подигне нивото на социјалниот дијалог. Покрај ова исто така е важно и влијанието на социјалниот дијалог врз социјалната кохезија, социјалниот мир и решавањето на социо-економските спорови.

Република Македонија нема развиен социјален дијалог на високо ниво речиси е во фаза на развој, се соочува со сериозни проблеми, неразвиен синдикат, неприфаќање дијалог од страна на работодавачите односно отпор за колективно преговарање; непокриеност на работодавачите со синдикални организаци, со релативно слаба моќ на синдикатите.

Поимот социјален дијалог е релативно нов и алудира на дијалог кој треба да се води помеѓу социјалните партнери : синдикатот; владата; и работодавачите.

Социјалниот дијалогот има социо-економски карактер односно за решавање на прашања од ваков тип како и за креирање на правна регулатива за вработување и околу условите за работењето.

Социјалниот дијалог датира од јануари 1985 година кога тогашниот претседател на Европската комисија, Жак Делор, ги покани претседателите и секретарите на сите национални организации на работодавачи и работници (синдикати) од Европа на состанок во Вал Дишес, замок во близина на Брисел. Намерата беше да ги запознае социјалните партнери со потребата од нивно учество во процесот на донесување на одлуки и креирање на заеднички економски и социјални политики во ЕУ.

Бидејќи во науката може да се сретнат повеќе дефиниции ќе ја наведам само дефиницијата од Европската комисија од 2000 год. , па така според неа социјален дијалог преставува *"Процес на константно дејство помеѓу социјалните партнери со цел заклучување на колективни договори со кои се влијае на одредени варијабли од економска и социјална природа, како на макро, така и на микро ниво."*

Социјалниот дијалог во голема мера ја одбележува дискусијата и преговорите меѓу социјалните партнери, но во дадени случаи и помеѓу нив и институциите на Заедницата. Социјалниот дијалог има важна улога во креирањето на политиките на ЕУ.

Социјалниот дијалог има национална и меѓународна правна рамка. Националната правна рамка произлегува од Уставот и националните закони на државите, додека меѓународната правна рамка на социјалниот дијалог извира од повеќе меѓународни и регионални акти, спогодби и договори. Најважни меѓународни акти секако се конвенциите, повелбите и препораките на МОТ, ООН и ЕУ.

Најважна институција низ кои поминува и се остварува трипартитниот социјален дијалог во Европа е Економско-социјалниот комитет, и Трипартитниот социјален самит за развој и вработување, додека бипартитниот се имплементира преку колективно преговарање.

Колективното преговарање на ниво на Европската Унија се појавило во средината на 90-те години од XX век.

Во изминатиов период економско социјалниот совет забележа значителен интензитет во работењето во текот на 2011 год., беа одржани повеќе седници каде беа дадени предлагања, предлози и препораки меѓу кои и иницијативата за утврдување на минималната плата како и други прашања од социјалната и економската сфера.

Социјалните партнери партнери беа инволвирани во подготовката на Европски работнички совет, Закон за минимална плата во Република Македонија но даваа и мислења и предлози за измените и дополнувањата на Законот за исплата на платите Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност. Исто така беше предмет

на разгледување и потоа прифатен Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 год.

Социјалните партнери учествуваа и во процесот на дефинирање на среднорочните стратегии и предизвици на пазарот на трудот кои беа утврдени во Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2015 год. како и планираните активности кои треба да обезбедат реализација на поставените цели преку дефинирање на мерките во Националниот палн за вработување во 2011 -2013 год.

Главно, Министерството за труд и социјална политика беа насочени кон поттикнување на активно учество и придонес на социјалните партнери во функционорање на социјалниот дијалог, па во насока на тоа оргагнизираа семинари, работилници и конференции кои во нив беа вклучени сите синдикатии, организации на работодавачи на национално ниво.

Трипартитната делегација со претставници на Владата и социјалните партнери учествуваше на 100-та годишна Конференција на МОТ во Женева, каде се донесе препорака за домашни работници Ц189 која промовира достојна работа за сите, преку постигнување на целите на декларацјата на МОТ за социјална правда и праведна глобализација , знаејќи и ценејќи го придонесот на домашните работници во глобалната економија.

Социјалните партнери исто така учествуваа на настаните на Заедничкиот консултативен комитет за граѓанско општество на Европската Унија и Република Македонија. Каде се дискутираа прашања за европскиот социјален дијалог во РМ. , руралниот равој и борба против корупција. Преку заедничкото работење, социјалните партнери ќе можат да расправаат и да даваат препораки за различни области кои се од исклучителна важност за евроинтеграцијата на Р.Македонија.

## *19. Политиките на вработување и Европски социјален фонд*

Политиките кои беа имплементирани во 2011 год. беа во правец на зголемување на учеството на пазарот на трудот и промовирање претприемништво, усогласување на понудата со побарувачката на работната сила која е на располагаање, подобрување на понудата на работната сила, скратување на процесот школо-работа и намалување на сивата економија.

Но и покрај ова од расположивите податоци од Државен Завод за статистика повторно се забележуваат позитивни тенденции во однос на статистичките показатели на пазарот на трудот. Статистиките покажуваат дека во 2009 година стапката на активното население е 64 % , вработеноста изнесува 43,3 % а невработеноста 32,3 % во 2010 година бележиме мал пад односно 63,3 % е стапката на активност, на вработеното население отпаѓа 42.2% и на невработеноста 32.3 % . и во 2011 ситуацијата е следнава: активно население 63.9 % вработеност 43.7 % и невработеност 31.6 %.

Политиките се спроведуваат низ: имплементација на активните програми и мерки за вработување, вклучување на практиканство во формално образование ( пропишано во Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите- Службен весник на Република Македонија бр. 120 /2010 ); Подобрување на услугите на Агенцијата за вработување на Р.М. во служба на невработените; Подобрување на соработката како и јакнење на капацитетите на социјалните партнери како и јакнење на капацитетите на институциите; изготвување на акциони планови за локален економски развој .

Во 2011 год. продолжија во имплементација активните мерки на пазарот на труд содржани во “ Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување во 2011 год., Проектот “Поддршка на вработувањето на млади лица, долгорочно невработените и жените “, како и преку Проектот “Самовработување со кредитирање “. Овие мерки и програми не само што опфаќаа различни категории на луѓе туку беа потфат за подобрување на вештините на невработените лица, во согласност со потребите на пазарот на трудот.

## 20. Структура на стратегијата Европа 2020

На почетокот од анализата ќе ги прикажеме главните компоненти на стратегијата Европа 2020 и претставуваат три меѓусебно поврзани приоритети:

- Паметен раст - развој на економијата заснована на знаење и иновации, научно-технолошки истражувања и развој, иновации, дигитално општество;
- Одржлив економски раст – раст кој е конкурентен и ефикасен во искористувањето на ресурсите;
- Инклузивен раст – економија која нуди повеќе вработувања истовремено обезбедувајќи социјална и територијална кохезија. Агенда за нови вештини и работни места – модернизација на пазаротна трудот, подобрување на вештините и знаењето на работната сила и зголемување на стапката на вработеност.

Платформа за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост – иницијативата ја промовира социјалната и територијалната кохезија, против сиромаштијата и социјалното исклучување и обезбедува за активно вклучување на граѓаните во општеството.

Овие тематски области содржат пет главни цели на стратегијата:

1. Зголемување на стапката на вработеност на населението на возраст од 20 до 64 години од 69 % на 75% преку поголемо учество на млади луѓе, постари и неквалификувани работници, како и подобра интеграција на легалните мигранти.

2. Зголемување на процентот од БДП наменети за истражување и развој од 1,9 на -3 %.

3. Постигнување на климатско – енергетската цел « 20/20/20 « - 20% намалување на емисиите на гасови кои го предизвикуваат ефектот на стаклена бавча, 20% зголемување на учеството обновливи извори на енергија во финалната потрошувачка и 20 % зголемување на енергетска ефикасност.

4. Намалување на стапката на раното напуштање на училиштето под 10% од сегашните 15 %, и зголемување на процентот на население со диплома од високо образовните институции од 31 % до 40 %.
5. Намалување на бројот на луѓето кои живеат под линијата на сиромаштија за 25%, што ќе претставува над 20 милиони луѓе спасени од сиромаштија.

Како услов за земјите кои имаа аспирации за пристаување на ЕУ се очекуваше да направат Заеднички меморандум за инклузија чија главна цел беше полесно пристапување во Унијата. Република Македонија исто така изготви Национална стратегија за намалување на сиромаптијата и социјалната исклученост 2010-2020. Македонската стратегија се потпираше на Лисабонската стратегија која заврши во 2010 год.а истата година се подготвуваше и стратегијата, за жал па така иако навидум изгледаше дека е изработена според целите и периодот на имплементација на ЕУ, реалната состојба беше поразлична.

Со оваа Стратегија може да забележме дека навидум се приближуваме кон остварување на државните аспирации за евроатланската интеграција, односно се движиме кон исполнување на предусловите за започнување на процесот за потпишување на Заедничкиот Меморандум за Инклузија .

Имено, засега е важно дека ја имаме македонската стратегија како политички документ кој промовира политичка волја и ангажман за системска борба со сиромаштијата и социјалната исклученост, но дали проблемот ќе биде објективно ефикасен и ќе влијае и што ќе се случува со сериозните аспирации за влез во ЕУ останува да дознаеме.

## 21. Социјален развој

Процес на квантитативен раст и квалитативни промени во сферата на животните, работните и општествените услови.[28]

Социјални деструкции се важен елемент во социјалниот развој на општеството. Тие предизвикуваат дисфункционални појави во општеството и ја нарушуваат рамнотежата на едно општество особено во работните, животните и општествените услови.

Социјалниот развој е фундаментално човеково право, потреба и основа за остварување на неговите стремежи и цел. Социјалниот развој опфаќа активности од кои зависи животниот стандард , односно социјалната благосостојба.

"Примарна одговорност на државите е да постигнат одржлив развој . Тој се остварува преку:

1. Создавање средина која овозможува социјален развој;
2. Искоренување на сиромаштијата;
3. Активна политика за вработување;
4. Социјална интеграција;
5. Развој на човековите ресурси ;
6. Домување и човекови населби;
7. Еднаквост и праведност меѓу мажите и жените;
8. Почитување на правата на детето;
9. Зголемување на средства наменети за социјален развој; и
10. Имплементација и институционални реформи."[29]

---

28 Dictionary of social Protection Terms Macedonian –English English Macedonian , Europen Comission , 2000, стр:385

Социјалните политики во една земја се всушност клучот за многу проблеми. Добрите политики за вработување и подигање на свеста на популацијата за образование и поквалитетен образовен систем би придонеле многу за решавање на егзистенцијалните прашања. Потребата од тоа да се планира за наредните неколку години да се прават стратегии ни укажува на значењето на менаџментот.

Нашата земја е идеална по нејзината големина и број на популација за креирање на добри социјални политики.

Не постои идеален политички систем во светот па така не постои ниту идеално креираење на политиките, но треба да се тежнее да се биде до најдобрите. Може да се превземат искуства од успешни примери како и системи кој би биле идеални за наши услови но сепак мора да се осврнеме на тоа дека влијание имаат и територијата, човечките ресурси со кои се раполага па и природните, местоположбата но и главната политика која се води во државата.

Бројот на невработените е во експанзија не само во Република Македонија туку и во Европа односно во земите членки во Европска Унија. Тука се поставува прашањето дали воопшто Македонија ќе има придобивка од влезот во ЕУ? Одржување на воспоставена макроекономска стабилност, остварување на релативно високи стапки на економски развој, намалување на невработеноста и зголемување на животниот стандард на населението се основните приоритети на макроекономската политика на Р.М. Процесот на транзиција во Р.М. се остварува 10 год. со различна динамика и успех. Реформите кои се неопходни за успешно завршување на процесот на транзиција е неопходен предуслов не само за траен и одржлив економски развој туку и за успешно впуштање на Р.М. во Европска Унија. Во трката за обезбедување на услови за егзистенција доста често се прибегнува кон нелегални, полулегални или забранети начини за остварување на овие цели. Тука се се поекспанзивни класично социјално патолошки проблеми, како што се алкохолизмот, скитањето, проституцијата и питачењето, но и новите видови девијации меѓу кои наркоманијата како најзагрижувачка појава потоа трафингот .

---

29 Пејковски, Јован. (2008). *Социјален развој*, Филозофски Факултет, Скопје, стр.20

## *21.1.Планирањето на социјалниот развој*

Планирањето претставува континуран и динамичен процес со кои се насочуваат целокупните активности на една организација или институција во некој определен временски период што се карактеризира со постојани промени.

Според Јован Пејковски во книгата Социјалниот развој пишува дека во современи услови планирањето на социјалниот развој може да се дефинира како процес кој е насочен кон дефинирањето на општествените активности за остварување оптимум помеѓу социјалните цели и средствата на нивно остварување оптимум помеѓу социјалните активности за остварување оптимум помеѓу социјалните цели и средства за нивно остварување како би се задоволиле потребите на луѓето во определена заедница.

За секое планирање па така и за социјалниот развој се потребни кадри односно човечки ресурси со искуство и познавање на модели и постапки кои планирањето ќе го направат да биде инструмент што ќе влијае врз правилното лоцирање на ресурсите и нивното рационално користење. За да се оствари успешно планирање на развојот а посебно на социјалниот развој како многу битен сегмент во општеството мора да имаме стручни и едуцирани расположиви човечки ресурси.

Човечките ресурси се тие што го креираат движењето во општествено уредените општества . Човечките ресурси се двигател на општеството.

Колку човечките ресурси имаат повисоко образование и колку повеќе имаат пракса толку повеќе моќ ќе имаат да влијаат позитивно врз планирањето на развојните процеси во целина или во одредени сегменти во општеството.

Исто така покрај едукацијата битен фактор е и мотивацијата (ако не и најбитниот фактор) и свесноста дека со самото планирање се дефинираат насоките за општествен развој во иднина. За да имаме квалификувани кадри мора тие да бидат едуцирани односно добро поткрепени, едукацијата е многу важна за да можат кадрите се стекнат со теоретско

знаење кое подоцна ќе може да го применат практично. Потребата кадрите да се стекнат со теоретско знаење кое подоцна ќе може да го применат практично. Потребата за поголемиот број на едуцирани кадри не е спорна, особено на оние со специјализирани знаења кои секогаш се добредојдени во средините каде позитивно ќе влијаат за социјалниот развој.

Проценката на реалноста и на можностите општеството да го прифати целокупниот контигент на млади луѓе кои се работно ангажирани односно да се обезбедат доволно работни места за невработените и на оние кои очекуваат работа.

Ова е еден од најсложените проблеми што истовремено е и лимит што може да влијае негативно врз проценката за идниот развој и на можностите за правилно планирање на социјалниот развој. Општеството како еден сложен систем настојува да ги регулира односите што постојат во него. Основен носител на социјалната политика во општеството е државата која е иницијатор, креатор и реализатор на социјалната политика. Меѓутоа голем дел фактори влијаат врз државата директно или индиректно имаат за цел да ја насочат социјалната политика во насока на задоволување на нивните интереси.

Во Република Македонија состојбата на пазарот на трудот може да се каже дека се карактеризира со висока стапка на невработеност. За решавање на овој проблем се превземаат најразлични мерки и активности на повеќе нивоа.

Мерките и средствата кои се превземаат не можат во целост да го решат проблемот со невработеноста која трае со години туку го ублажуваат проблемот привремено се до неговото решавање. Во 2003 год. невработеноста во Р.Македонија беше 37,9 % споредено со ЕУ 63, 8 % . Загрижувачки беше фактот што таа бројка растеше секоја година и покрај економскиот пораст.

Невработеноста во Р.М. беше 4 пати поголема од просекот на ЕУ. Статистиката што е на располагање не дава до толку реална слика на состојбата но и покрај тоа е јасно дека проблемот со невработеноста во Р.Македонија е огромен .

Главни предизвици на состојбата се :

-ниско ниво на креирање на работни места како резултат на бавниот економски раст и недостиг на инвестиции ;

- широко распространета сива економија;

- регионални разлики;

- социјални проблеми;

-екстремно висока невработеност кај младите ;

- многу висока стапка на невработеност на долгорочно невработените, невработеноста на ранливи групи;

-родова нееднаквост;

- неусогласеност помеѓу образовниот систем и потребите на пазарот на трудот.

Интегрирани насоки за раст на работните места 2005-08 год.

1. Промоција на поконкурентна бизнис клима;
2. Потврда за отворени и конкурентни пазари внатре и надвор од Европа, собирање на благодетите од глобализацијата;

Имплементирањето на политиката на вработување кои се насочени кон целосно вработување, подобрување на квалитетот и продуктивноста.

Креирањето на работните места исклучиво во огромна мера зависи само од државата. За креирање на успешни социјални плитики акцентот главно не треба да се става на одредени политички партии исто како што не треба да се префрла топката од едни на други за тоа кој е виновен за енормната невработеност. Исклучително е важно да се има интегритет помеѓу партиите да се обединат кога станува збор за есенцијалните прашања и проблеми на нашата држава па така и со проблемот за невработеноста.

Креирање на квалитетни социјални политики ќе доведат до зголемување на вработеноста а со тоа и обратно пропорционално ќе се намали процентот на невработеноста.

Невработеноста предизвикува многу проблеми. Со самото тоа што индивидуата е невработена неговата психа го „фрла“ во депресија која подоцна може да премине во психичко растројство. Не секој има висока емоционална интелегенција и може да се носи со проблемите кои му ги задава невработеноста како состојба. Покрај тоа се губи чувството на припадност на општеството на колективното придонесување на општествен развој но и за личен напредок низ општествените слоеви односно на скалата на општествената стратификација. Кај одредена категорија на луѓе невработеноста не само што значи психичко лично незадоволство и депресија значи и економска нестабилност, немање пари за задоволување на егзистенцијалните потреби за живот.

## 22. АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА Р.МАКЕДОНИЈА КАКО (НЕ) ЕФИКАСЕН КАНАЛ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Се поставува прашањето: Дали статичниот пазар на трудот, Агенцијата за вработување го прави да биде уште постатичен и понединамичен ? Нетранспарентното работење допринесува за поголеми фрустрации кај оние лица кои бараат работа но и спасот го бараат во Агенцијата за вработување. Знаејќи го менталитетот и традиционалниот начин на барање работа многумина се потпираат на оваа јавна агенција. Иако постојат други агенции за вработување кои се приватни за македонскиот народ се нешто“ incognito”. Агенција во соработка со Европска Унија користи пари од ИПА предпристапните фондови. Парите се наменети за обновување на вештините, обука, дообука и преквалификација на невработените лица. Но прашање е колку овие пари се користат транспарентно. Се сомневам дека ИПА програмите се само еден механизам за полесно профитирање.

Најмногу младите до 25 годишна возраст се соочуваат со пробелмот невработеност, тешко може да најдат работа иако се стекнале со високо образование, тоа е така бидејќи многумина од нив немаат никакво работно искуство. Се повеќе на конкурсите се бараат луѓе со по 5 години работно искуство во својата струка, но ако е така тогаш тоа е инхибација за младите бидејќи по автоматизам вратите се затвараат. Чудни се начините

на креирање на работните места. Од овие причини пак може да се каже дека постарите се во значителна предност при вработувањето, бидејќи во текот на нивниот живот стекнале некакво работно искуство и можат подобро да котираат на пазарот на трудот.

Невработеноста може да се окарактеризира како сериозна „болест“ на општеството, ја нарушува неговата функционалност во одредени сегменти и сфери како и одредени категории. Проблемот со невработеноста е највеќе изразен кај младата популација односно половина од целокупната бројка на невработено работоспособно население во Република Македонија. Иако статистиката на Агеницијата за вработување покажува дека бројката еминентно е намалена, реалната состојба е сосема поинаква.

Невработеноста во услови на минимален раст се намалува врз основа на три критериуми:

*Улогата на заострување на инспекциските служби и условите за пријавување*

Еден дел од оние кои работеле на "црно" се евидентирани а оној другиот дел се избришани од евиденција. Со обврските за рамковните вработувања се намалува невработеноста но од друга страна постојат незадоволени дискриминацијата и предноста за вработувањето.

Одредена група се привилигирани и уживаат во благодетите кои им ги нуди Рамковниот Договор а тоа се албанците како многубројно малцинство, на сметка на туѓата несреќа каде што многу квалитетни кадри од другите етнички групи со соодветно образование не можат да најдат вработување.

Се поставува прашањето дали вината на оние кои немаат работа е на луѓето кои се невработени? Повеќето од нив седат дома и чекаат повик за работа губејќи го времето наместо да работат на својата дообуки, обуки, преквалификации, доквалификација и др.

Вработувањето виско котира на владините политики кои преку Оперативните планови и поддршка за самовработување се обидува да се справи со овој проблем.

Од периодот на транзиција, постконфликтниот период во 2001 година се променија неколку политички гарнитури но никој не успеа да го реши проблемот со невработеноста, тој се провлекува низ години наназад.

Иако статистички гледано бројката од 2008 год. се намалува меѓутоа тоа не се должи на вработувањето. Треба да се земат во предвид други сегменти. Со самата промена на Законот за средно образование во 2010 год., кој вели средното образование ќе биде задолжително образование се случи драстично намалување на вработеноста, бидејќи оние кои имаат статус на студенти не влегуваат во евиденција на невработени во Агенција за вработување на Р.М. но фактичката состојба е дека не се променила многу стапката на невработеноста. Стапката на невработеност во Р.М. е на значително високо ниво во компарација со другите Европски земји .

Проблемот е во тоа што македоснкиот пазар на труд се соочува со ниски стапки на активност и на вработеност и висока стапка на невработеност. Од 2005 год. па наваму оваа стапка на невработеност може да кажеме дека бележи тренд на опаѓање. Македонскиот пазар може да се каже дека е статичен а тоа се должи на долгиот временски период на неотварање на нови работни места. И покрај тоа што имаме ниска стапка на невработеност македонскиот пазар високо го вреднува образованието во Република Македонија. Најмногу вработување има кај лицата кои се со ВСС, додека со најголем проблем се соочуваат оние кои се нискоквалификувани или полуквалификувани, со средно образование или без образование.

Трудот претставува основа за општествениот поредок. Трудуот ја детерминира позоцијата на една индивидуа во општеството. Работата е многу важен сегмент во животот на една индивидуа и овој фактор не смее да се занемари, таа претставува основен механизам за опстанок и завзема суштинско место во животот на индивидуата. Концептот со кои располагаме претставува меч со две острици. Тој од едната страна е фактор на еманципација а од друга страна пак извор на потенцијални фрустрации кои може да се родат кај индивидута која е невработена и да доведе до нејзино општествено исклучување.

Трета димензија која се поврзува со трудот е невработеноста. Партиските вработувања заземаат се повисоко место во аспирациите на младите луѓе.

Државата имаше можеби и преголеми амбиции во решавање на овој проблем . Државата заедно со Министерството за труд и социјална политика донесе Национална стратегија

на Р.М. во 2008 година и истата имаше за цел да ги постави рамките за намалување на невработеноста во наредните години.

Ниту една држава не располага со идеален модел на социјална политика. Поради тоа не постои унифициран готов модел со кои може да се служат другите земји па според ова државите не треба да се стремат за превземање на туѓ модел. Секоја држава согласно со нејзината политика треба да спроведува своја социјална политика земајќи ги во предвид и следниве фактори : пазарот на трудот, човечките ресурси со кои располага, бројот на популацијата, образованието и економијата и законодавствата.

Овие фактори е неминовно важно да се земат во обзир при креирањето на социјалните плитики.

За креирање на добри социјални политики на маса треба да седнат да преговарат експерти , политичари и економисти.

Во последниве години економијата креира многу малку работни места во споредба периодот од 2006-2008 год. Во Република Македонија имаме статичен пазар на трудот, таман ќе помислиме дека се придвижил тој е повторно во иста позиција.

Најголем дел од невработените лица кои бараат работа во Р.Македонија го користат контактот со Агенција за вработување ( за регулирање ) но овој тренд од 2008 година бележи застој па дури и намалување. Но тоа е така затоа што луѓето најчесто бараат работа со регистрација во јавната Агенција за вработување во Македонија. Традицијата која траеше долги години каде регистрираните невработени лица добиваа бесплатно здраствено осигурување. Па со оглед на оваа ситуација се поставува прашањето дали луѓето навистина тогаш барале работа или редовно евидентирање во Агенцијата за вработување имало за цел да не го изгубат правото на бесплатна социјална заштита. Агенцјата за вработување на Р.М. се смета за најнеефикасен канал при барање на работа.

Поради овие причини се случи следново, се промени системот за социјална заштита. Системот за социјална заштита беше изменет во септември 2011 години, така Фондот за здравствено осигурување обезбедува бесплатно здравствено осигурување за сите граѓани

на Република Македонија кои имаат ниски приходи или кои не остваруваат воопшто приходи.

Но после оваа промена која ја направи државата од веќе познати причини не дојде до очекуваниот ефект односно не се намали условно кажано евидентирање во АВРМ на неактивното население кое бара работа. Беше намалена и бројката на регистрираните невработени лица.

Проблемот на невработеноста надзира и во вештините кои ги посредуваат невработените односно несовпаѓање на побарувачката на пазарот на трудот со кадрите кои ги произведува образованието. Пазарот на трудот во Р.М. високо го вреднува образованието а за тоа сведочи фактот на надобразованоста. Најголема е побарувачката за човечките ресурси со високо образование.

Бидејќи знаеме дека во следниве неколку години стапката на запишување и завршување на високо образование еминентно се зголемува, тоа би значело погубност за нашето општество. Да го оставиме настрана образованието иако и тоа има мошне значајна улога. Кога имаме состојба на надобразованост тоа значи дека работните места за пониско образование и каде што се бараат пониски нивоа на вештини се пополнат со човечки ресурси со високо образование.

Оттука можеме да заклучиме дека надобразованоста е присутна во нашата земја и се повеќе се зголемува во последните години, а од друга страна подобразованоста и совпаѓањето со вештините се во опаѓање.

Трендот на експанзија и субвенционирање на постзадолжително средно образование доведе до опаѓање на стапките на вработеност на работниците со високо образование и пораст на феноменот на надобразованост.

Постои можност за зголемување на вработеноста со остварување на повисок економски раст, подобрување на ефикасноста на пазарот на трудот и намалување на долгорочна невработеност.

Сите земји па така и Македонија ги чувствува консеквенциите од комунизмот. Во многу посткомунистички демократски земји се создаде масовна невработеност како појава која е сведок за дерегулирање на трудот.

Македонија како земја кандидат за членка во ЕУ е меѓу најнеславните рекордери заедно со државите од Западен Балкан со која се соочиле сите досегашни влади од нејзиното постоење, како независна држава, но без видливи резултати кои може да се каже дека биле успешни.

Државите денес се наоѓаат на најголемата крстосница меѓу проблемот со невработеноста од едната страна и економската криза пак од друга страна.

Невработеноста претставува социјална фрактура чии болни рани се сиромаштијата и нарушување на социјалните врски во општеството а тоа пак доведува до социјална ексклузија. Трудот се повеќе станува важен за градење на чувството на припадност односно интегрирање во општеството.

Многумина сметаат дека до 20 век невработеноста имала волонтерски и резидуелен карактер. Невработеноста како појава се развила кон крајот на 19-от век и се разввала паралелно со афирмација на урбаната пролетерска класа.

Невработеноста зема замав и станува еден од сериозните социјални и економски проблеми и се здобила со центарлно место во разминувањата на економистите.

Еден од познатите економисти Кејнс и неговите истомисленици сметале дека полната невработеност не може да биде гарантирана спонтано. Државата е таа која треба да има ингеренции и моќ да го обезбеди тоа. Но подоцна американците наишле на отпор кон овие размислувања. Бил Клинтон се залагал за создавање на моќен и ефикасен приватен сектор и ефикасна држава како би работеле заедно а воедно и да промовираат стопанство со полна вработеност.

Денешната генерација на млади невработени се нарекува жртвена генерација или baby losers наспроти генерацијата на седумдесетите која била нарекувана baby boomers.

Во Македонија па и во Европа денес е реткост да се сретне млад човек до 25 години кои се здобил со стасус на вработен или пак почнал да гради рана кариера.

**Факултетска диплома за полесно вработување , или пак не?**

За жал нашата држава наместо да биде лидер во Европа во работи кои се позитивни, Македонија со нејзината стапка на невработеност на млади лица од 58% е лидер.

Младите кај нас се дефинираат како едни од социјално најзагрозените групи во општеството. Иако насекаде во Европа се посветува големо внимание на пробемот со неврабтеноста на младите тие сеуште се најмногу исклучени од пазарот на трудот.

Битно е да се напомене дека аспирациите на младите невработени лица се слични, тие се гледаат или во администрација или пак како успешни бизнисмени особено во водење сопствен бизнис.

Оние кои се со ВСС се покажува дека го бираат јавниот сектор/ државната администрација како најпосакувано работно место.

Во истражувањето кое го има правено РЕАКТОР за 2012 год. се покажало дека младите кај нас особено од 18-29 годишн возраст воглавно се зависни од родителите и најчесто и најлесно им е да живеат со нивните родители така што ги користат финансиските средства од родителите. Ова покажува дека македонската младина многу бавно го достигнува степенот на независноста од своите родители. Секој трет човек практично зависи од неговите родители. Најзависни се студентите бидејќи во најголем дел од нив се невработени.

Се поставува прашањето дали факултетскта диплома придонесува за полесно вработување на човечките ресурси кои се без работа? Иако по теорија би требало да е така очигледно е дека не функционира тоа така секогаш.

Во моментот на пазарот на труд, на наше тло најмногу се бараат човечките ресурси со средно образование. Тоа е така затоа што постои изумирање на некои професии или пак има огромна дефицитарност.

За жал младите се се повеќе разочарани од проблемите со кои се соочуваат од невработеноста.

Високите аспирации кои ги имаат за работа, обуки и доквалификација, и желбата за дообразба, државните институции треба да ја земат во предвид.

Постојат многу невработени лица кои себеси се сметаат за невработени а некои од нив и не се доживуваат така а при тоа не се ни трудат да најдат работа.

## 23. Развој и социјален развој

Современите сфаќања за општествените процеси го определуваат развојот како централен интерес за потребите и аспирациите на луѓето во граѓанското општество. Како важен дел на демократската основа на уредување на општествените односи интересот за развојот на општеството, а особено на социјалниот развој, е неделив и присутен во сите сфери на живеење. Искуствата и сознанијата до кои е дојдено во процесот на општественит развој само ја потврдува оправданоста и грижата на релевантните фактори во секоја држава да се овозможи и да поттикне развој на економска и социјална сфера. Покрај тоа што постои повеќе децениско искуство во истражувањата и дефинирањето на развојните процеси, голем број прашања, вклучувајќи и фундаментални, во поглед на развојот, а особено социјалниот развој и неговото објаснување се уште не се целосно одговорени. Како, на пример, да се објаснат развојните перформанси кои се извонредни и динамични кај одделни држави, додека во други има заостанувања во развојот, назадување, сиромаштија, глад, болести и други појави кои доведуваат до конфликти, војни и слично?

Како се користат потенцијалите на една земја и дали ги достигнуваат оптималните перформанси во развојна смисла што би обезбедувале висок стандард на населението и високо ниво на задоволување на социјалните потреби и барања на граѓаните?

Кои се механизми може позитивно да влијаат на поттикнувањето на социјалниот развој и на обезбедувањето на социјалната сигурност?

Овие и други прашања поврзани со динамиката и стапките на развојот бараат одговори кои во рамките на теоријата на социјалниот развој може да бидат објаснети, а преку практиката и остварениот развој во изминатите периоди и се потврдуваат, или пак се демантираат, односно се менуваат според општествените процеси. Со барањето на одговори на овие прашања всушност се бара и начин како социјалниот развој да се остварува постојано, не како еднократен чин, туку како пермаментен и одржлив процес што води кон напредок, сигурност и благосостојба на општеството. За да постои развој потребни се мир, стабилност и безбедност во рамките на секоја земја и меѓу нациите во денес се поинтегрирниот свет.

Развојот треба да се остварува како сопствено право и тој е од суштинско значење за постигнувањето на мирот и безбедноста, како во рамките на нациите така и меѓу нациите. Од друга страна, без развој не може да постои ниту мир ниту безбедност и се нарушува стабилноста на општеството. Глобализацијата создава поголеми можности за соработка и размена на идеи и знаење, за примена на техничкиот напредок што придонесува за поповолни услови за раст и развој. Искористувањето на овие предности и поврзувањето на државите билатерално и во рамките на светските мултилатерални организации и структури упатува на нови можности кои се во функција на унапредување на развојните процеси.

„Ако општеството не создаде можности на определен степен од неговиот развој, самите институции да продуцираат стабилност и развој тоа не функционира правилно како систем и се јавува ентропија на институциите, нивно предимензионирање со смалени перформанси и ефекти што го ограничува растежот.“[30]

Доколку не се правилно поставени менаџерските принципи, многу институции се занимаваат со исти надлежности па така испреплетуваат во работењето.

---

30 Пејковски, Јован. (2008). *Социјален развој,* Филозофски Факултет, Скопје, стр.9

Па поради ова наместо подем во општеството се соочуваме со ограничување од страна на институциите. За излез од ова ситуација тие треба да бидат преформулирани или реформирани за да бидат во функција на основен двигател во општеството.

Но се разбира дека за ова се потребни материјални средства но и инфратруктура кои ќе бидат во доменот надлежности.

Посебно кај оние кои се надлежни во доменот на развојот и социјалниот развој.

Во Копенхаген, Данска од 6 до 12 март 1995 год. се одржа Светскиот Самит за социјален развој каде што учествуваа земјите членки на ООН и усвоија Декларација и програма за акција, која претставува нов консензус заснован врз потребата човечките ресурси да добијат приоритет во социјалниот развој.

Практично, со ова во 117 шефови на влади се обврзаа како најважни цели да ги земат борбата против сиромаштијата целосна вработеност и унапредувањето на општествата.

Сега покојниот а тогаш актуелниот претседател г-дин Киро Глигоров беше дел од овој Самит истовремено и потписник на документите на Самитот.

Акцентот беше ставен на полната вработеност а за тоа беше потребно да партиципира целото граѓанство како и да допринесе за економски раст и развој.

Главните заложби од Самитот беа следните :

1. Средина која овозможува социјален развој;
2. Искоренување на сиромаштијата;
3. Вработувањето;
4. Социјалната интеграција;
5. Еднаквост и праведност помеѓу мажите и жените;
6. Универзален и праведен пристап до квалитетно образование и здраствени услуги;
7. Забрзан развој на Африка и најнеразвиените земји ;
8. Осигурување дека програмите за структурно приспособување ги вклучуваат и целите за социјален развој;

9. Зголемување на средствата наменети за социјален развој;

10. Имплементација и институционална реформа.

Во услови на Светска економска криза , која зеде голем замав и во земјите членки на Европската Унија ќе се сложиме дека и Република Македонија не остана имуна и се соочува со консеквенциите на кризата. Се соочуваме со најгорчливите проблеми кои може да ги има едно општество а тоа се невработеноста и сиромаштијата.

Круцијален проблем е креирањето на социјалните политики и економските стратегии, кои на теоретски план совршено добро се поставени но речиси секогаш во нивната имплементација наидуваме на бариери. Третираањето на социјалните политики може да кажеме дека во науката зазема посебно место и се пристапува со голема одговорност. Проучувањето и следењето на социјалните и економските проблеми треба да резултираат со соодветни идеи за адекватен однос на носителите на општествениот развој. Од особено значење на социјалниот развој се креирање на добри економски стратегии кои ќе резултираат со благосостојба во општеството.

Градењето и јакнењето на бизнис климата имаат клучно значење за подобрување на општата состојба и опаѓање на стапките на сиромаштијата и невработеноста и нивните трендови. Исто така не треба да се заборави и влијанието на пазарот на трудот врз социалниот дијалог.

Некои ставови на познати современи државници како Маргарет Тачер сметаат дека невработеноста не е проблем на државата, дека тие самите се виновни и дека невработеноста не е социјален проблем туку индивидуален проблем, дали индивидуата ќе се вработи или пак нема тоа зависи од сопствената волја.

Дали во Р.Македонија има проблеми со лошото менаџирање на расположивите човековите ресурси? Управување со човечките ресурси за време на трнзицијата не само што е далеку од умот, туку отсекогаш била јалова работа. Невработеноста кај нас е константна појава долго низ годините а пазарот на трудот е статичен. Што треба да се превземе за негово придвижување? Дали проблемот лежи во креирањето на политиките и стратегиите?

Политиката против невработеноста освен тоа што самата по себе имплицира морални, економски и социјални димензии таа исто така претставува и уставно-правна обврска. Корените на невработеноста се смета дека заслужуваат прецизна анализа на економски и индивидуален план.

## *24.Економски и социјален развој*

Во отсуство на државна регулација не може да функционира ниту едно општество. Креирањето на економски и социјални политики се главниот клуч за прогрес.

Се поставува едно мошне важно прашање: Се креираат ли социјалните политики толку стихијно, без посебни економски мерки на државата, без посебна регулација од власта или истите се уредуваат со посебни економски мерки од страна на државата?

Ова е доста сложен процес, а уште посложен е одговорот на прашањето.

За да постои ефикасна регулација на пазарот на трудот, потребно е да има усогласеност помеѓу економските и социјалните политики. Исто така непобитен е фактот дека доколку нема урамнотеженост на пазарот на пазарот на трудот, не може да функционираат истите беспрекорно.

Економската политика го изразува влијанието на економските власти врз објективните економски законитости и принципи.

Економската политика претставува збир на мерки и активности со кои државата т.е. економските власти ги дерегулираат процесите во производството, во размената, во распределбата во потрошувачката.

Економската политика има за цел да обезбеди пораст на општата благосостојба на населението како и обезбедување на општествен прогрес, да обезбеди социјална сигурност.

Особено е важно да се обезбеди економска и политичка независност во полза на општеството.

Во услови на економска криза главна задача е пораст на вработеноста, а со тоа и поттикнување на стопанскиот развој, обезбедување на економска стабилност и јакнење на конкурентската способност.

Сиромаштијата е резултат на ниското ниво на развиеност на економијата, економските кризи, рецесијата кои понатаму резултираат со висока стапка на невработеност, која во Република Македонија изнесува 32, 6 % односно највисока на ниво на Европа.

Загрижувачки е фактот но и ситуацијата со сиромаштијата. Бројката на индексот на сиромаштија во Република во Р.Македонија е 31% , индикаторот е мошне загрижувачки.

Владата на Република Македонија превзама амбициозни чекори и големи напори за решавање за решавањето на социо-економските проблем .

Менацирањето се одвива воглавно во рамките на економските и социјалните политики. Владата на Република Македонија во изминатиов период работи на афирмирање на претприемништвото, привлекување странски инвестиции како и подигање на нивото на образованието, со што би се креирале нови работни места. Владата ја промовираше програмата за самовработување изготви национални програми и стратегии за намалување на невработеноста и сиромштијата. Иако со преголеми амбиции и сериозно пристапува на проблемите резултатите сеуште не се толку видливи бидејќи е потребен подолг период за стабилизација и прогрес кој ќе следи понатаму. Сведоци сме на многубројните значајни промени и појави кои го преломија македонското општество. Како позначајни се периодот на транзиција, конфликтот 2001 година и постконфликтниот период и промената на неколку партиски гарнитури. Сиромаштија и невработеноста не само што се последица на ваквите промени кои се случуваа во минатото туку се општествени проблеми кои континуирано го демнеа македонското општество.

Ниту една политичка партија во изминатиот период не успеа да се справи со овие општестествени проблеми и проблемите се провлекуваа низ годините а товарот падна

токму на оваа Влада. Но и покрај тоа во период на светска економска криза работите одат во нагорна линија.

Според Жан Жак Русо “Човекот е роден слободен , но тој насекаде е во ланци” ( Општествен договор ). Според Русо постои една физичка и природна нееднаквост која е утврдена од страна на природата како што се возраста, здравјето, силите на телото, квалитетот на душата и духот. Исто така тој едновремено смета дека “***апсолутната еднаквост***” не била возможна ни во најтоталитарните системи или општества како што била некогашната Спарта. Социјалниот договор утврдува една таква еднаквот меѓу граѓаните, со што тие се ангажираат во еднакви услови и мораат да ги уживаат истите права. Меѓутоа, еднаквоста на правото не е доволно за да се обезбеди слобода за сите или конкретно еднаквоста во правото за да навистина биде ефективна го наметнува императивот за извесна еднаквост на богатствата меѓу граѓаните. Поради тоа Жан Ж. Русо смета дека и законодавството се сведува на две основни цели: слобода и еднаквост.

Социјалните политики во една земја се всушност клучот за многу проблеми. Добрите политики за вработување и подигање на свеста на популацијата за образование и поквалитетен образовен систем би придонеле многу за решавање на егзистенцијалните прашања. Потребата од тоа да се планира за наредните неколку години односно да се прават стратегии ни укажува на значењето на менаџментот. Нашата земја е идеална по големина и број на популација за креирање на добри социјални политики.

Живееме во општество каде има делумно отсуство на морални вредности. Општеството во недостиг на овие вредности станува дисфункционално од аспект на општественото значење и прогресот. Човекот е живо суштество и при тоа е условен од комбинација на сопствени и општествени норми и вредности.

Важноста на социјалната политика во општествата има примарна улога за едно стабилно и хармонично општество всушност како што е и значењето на самиот збор, кое води кон напредок. Социјалната политика што ја имплементираат органите на државата можеме да заклучиме дека има улога да го доведе општеството во една состојба на благосостојба или економска стабилност, или поедноставено да не дојде до дисконтинуитет на општеството.

Пред се на секој граѓанин државата има должност да му овозможи еднаков третман и еднаков пристап кон институциите.

За да може да се разбере социјалниот развој неизбежно е да го разбереме и економскиот развој. Двата поими одат паралелно како во теоријата така и во практиката, ако немаме економски развој на една држава нема да има ниту социјален развој и обратно.

Социјалниот развој во суштина има поопширно значење од економскиот развој. Економскиот раст го одразува зголемувањето на бруто-домашниот производ на националното значење на економија во текот на една година од економскиот развој ( според проф. Р.Христов ( Политиката на социјалниот развој , 2008 год. ) „социјалниот развој во својата основа го претставува развојот на човекот како општествено суштество, како социјално битие, како слободно творечка и креативна индивидуа. Секое целосно преовладување на економскиот развој и на материјалните интереси над социјалниот развој како и над сите други негови останати компоненти, носи реална опасност од стихијно воспоставување на крајно спротивставени и конфликтни интереси меѓу различните социјални субјекти, како што се социјалните слоеви , социо-професионалните и другите социјални групации.“ [31]

За имплементирање и успешно реализирање на социјалните политики потребни се средства кои се обезбедуваат од реалниот сектор на економијата и од доходот на граѓаните низ инструментите на фискалната политика. За да се остварат целите на одржлив социјален развој државите треба да создадат средина и услови за социјален развој. Потребно е да се креираат работни места преку активните социјални политики за вработување, да се развиваат човечките ресурси да се зголемат средствата за социјален развој .

Република Македонија уште со донесување на Уставот во 1991 год. се дефинира како социјална држава, па следствено на тоа гради систем на социјална заштита на своите граѓани. Државата треба да се грижи за социјалната заштита и сигурност на граѓаните која се води по принципот на социјална правичност .

---

**31 Гоцевски Т. Гоцевски, С. ( 2013) , *СОЦИЈАЛЕН МЕНАЏМЕНТ И АКТИВНИ СОЦИЈАЛНИ ПОЛИТИКИ*, Филозофски факултет , Скопје, стр:234**

Како ресорен орган за социјалната дејност беше конституирано Министерството за труд и социјална политика додека пак за социјална сигурност и заштита е надлежно Министерството за здравство, ФЗО (Фондот за пензиско инвалидско осигурување), Фондот за здравственото осигурување и АВРМ ( Агенцијата за вработување на Репулика Македонија) како и центрите за социјална заштита.

Невработеноста до 2008 година во повеќе земји – членки на е ЕУ беше на стабилно ниво. Економската криза и невработеноста почнаа сериозно да ја нарушуваат социјалната сигурност на сите граѓани. Тоа доведе до потребата на јакнење на мерките на социјална заштита. Владата на Република Македонија изготви програми за самовработување. Целта беше да се создадат 700 вработувања преку започнување на семеен бизнис.

Првично неврботените лица посетуваа обука за претприемништво како би се стекнале со вештини за изработка на одржливи бизнис планови. А потоа се обезбедуваше помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенционирање на бизнисот.

Со оваа програма беа опфатени 700 невработени граѓани од следниве категории на луѓе:

- ✓ Млади невработени лица до 27 години кои се во евиденција на Агенрција за вработување на Р.Македонија;
- ✓ Невработени лица- Роми , евидентирани во Агенцијата за вработување на Р.Македонија;
- ✓ Евидентирани невработени професионални војници кои им престнала службата во АРМ;
- ✓ Невработени лица кои се подолго од 6 месеци во евиденција;
- ✓ Жени кои се евидентирани во АВРМ како невработени повеќе од 3 месеци;

## ❖ ПРОГРАМА ЗА САМОВРАБОТУВАЊЕ

Лицата кои беа опфатени во Програмата за самовработување во рок од 4 години не можат да се вратат во евиденција на невработени лица во АВРМ рачунајќи од денот на регистрација на бизнисот. Додека лицето кое е основач на регистриран бизнис и е поддржан во целост со Програмата во случај да престане со вршење на дејноста пред истекот на 1 год. сметано од денот на регистрација на бизнисот должен е да врати 80 % од финансиските средства искористени за набавки на опрема и нрепроматријал во периодот од 12 месеци.

Ова не важи во случај на смрт или трајна неспособност.

## ❖ Субвенции на вработување инвалидни лица

Владата на Република Македонија меѓудругото финансира и Програма за субвенционирање на инвалидни лица.

Преку програмата ќе се вработат 200 инвалидни лица кои се евидентирани како невработени.

Целта е да се социјализираат и успешно да се интегрираат на пазарот на трудот.

Владата на Република Македонија постојано носи нови мерки кои имаат за цел да ја ублажат економските и социјалните последици од економската криза. Подолу во текстот се најновите мерки кои ги спроведува Владата на Република Македонија за намалување на невработеноста во Р.Македонија.

## ❖ Програма за самовработување

Целта на оваа програма беше да ја намали невработеноста преку започнување на самостојни економски дејности како и да се поттикне побарувачката на трудот.

Во 2012 год. предвидено е да се опфатат 900 и повеќе лица, планирани средства од буџетот се од износ од 188 314 350 ден. додека пак за 2013 год. нивото нема да биде пониско од 2012 год.

## ❖ Субвенционирање на корисниците на државно земјоделско земјиште

Преку користењето на слободното земјиште предвидено е да се намали невработеноста на лицата корисници на постојана социјална помош кои се водат во евиденција како невработени лица.

На оваа категорија граѓани ќе им се доделува во наредните 2 години земјиште на користење и обработка исто така да им се исплаќа социјална помош и да бидат социјално осигурени а тие да се регистрираат како индивидуални земјоделски производители на кои тоа и е основна дејност.

Знаеме дека нашата земја располага со голем фонд земјоделско земјиште кое што не е обработено па следствено на тоа Програмата би требало да биде успешна и да се вклучат голем број невработени лица од оваа категорија.

Владата планира да обезбеди средства во висина од 4 255 800 денари а за 2013 година средствата се 6 893 700 денари.

Во првата година корисниците ќе добијат целосен износ во согласност со решението за постојана социјална помош и осогурување додека во втората година ќе се скрати на 50% тој износ и во третата година ќе бидат обврзани во Фондот за пензиско инвалидско осигурување на Македонија да се регистрираат како индивидуални земјоделски производители и тогаш ќе им престане правото на користење социјална помош.

- **Обука за познат работодавач**

Со Програмата е планирано да се усогласат барањата на компетенциите што треба да ги поседува едно невработено лице за да се вработи со компетенциите што всушност ги поседува истото за определени занимања, како резултат на глобалните промени кои се случуваат во технологијата. Ќе бидат финансирани невработени лица на кои им е потребна дообука, дополнителни вештини и знаења за пристап до работните места кај познат работодавец. Во 2012 год. Владата има предвидено да опфати 1000 лица меѓу кои 250 ќе бидат млади лица до 27 години . Планирани се средства за реализација од 12 900 000 денари. Обуките треба да траат до 3 месеци, а по завршувањето на обуките работодавачите се должни да вработат најмалку 50 % од лицата кои ја завршиле обуката но и да не го намалат бројот на вработени лица во компанијата. Програмата продолжува да се изведува и во 2013 година бидејќи се смета за успешна.

Износот по лице за месец е 4 400 денари додека за млади до 27 години е 4 000 денари.

- **Обука за напредни ИТ и вештини**

За да се обезбедат информатичари кои располагаат со знаење од напредни информатички технологии и вештини, Владата на Р.М. одлучи да ја спроведе оваа Програма. Обуките за невработените лица од оваа бранша ќе ги вршат лиценцирани центри за обуки кои ќе бидат избрани по јавен пат. На крајот од обуката која ќе трае во должина од 2 до 4 месеци невработените лица ќе добијат меѓународен сертификат / лиценца од областа на ИТ и вештини за положен завршен испит. До крајот на 2012 беше предвидено обуката да ја завршат 164 лица а беа обезбедени средства од 11 400 450 денари.

Обуките требаше да бидат во Скопје но и во останатите градови каде што има заинтересирани кандидати.

❖ **Организирање на јавни работи**

Иако оваа мерка не е многу популарна, истата во услови на криза ја применуваат многу земји за да ги ублажат социјалните последици од економската криза кај ранливите социјални групи. Оваа мерка е насочена кон намалувањето на сиромаштијата. Предвидено е да се ангажираат подолгорочно невработени лица во поодминатите години ( над 55 години ) кои и на друг начин не можат да обезбедат егзистенција, но само во општините каде што има највисока стапка на невработеност.

❖ **Финансиска поддршка за мали и средни претпријатија за отварање на нови работни места**

Со оваа Програма Владата има за цел да го стимулира отварањето на нови работни позиции, да се зголеми побарувачката на работната сила како и да се намали невработеноста. Финансиската поддршка ќе им се даде на малите и средните претпријатија, како и на занаетчиите кои започнале со работа најмалку една година пред стапување на сила на оваа владина Програма.

❖ **Прв акциски план за вработување на млади**

Не само Република Македноија, многу европски земји се соочуваат со висока стапка на невработеност кај младите лица. Во август 2012 година Владата на Република Македонија излезе со план за ублажување на невработеноста како состојба а со тоа и на социјалната положба на оваа категодија на луѓе. Овој план е предвидено да се реализира од 2012 до 2015 год. Предвидено е да се постигнат 4 цели со овој план :

1. Подобрување на ефикасноста на институциите кои го менацираат пазарот на трудот;
2. Подобрување на можностите за вработување на младите;
3. Да се поттикне вработувањето на младите низ развој на приватниот сектор; и

4. Поуспешно вклучување на пазарот на трудот на младите.

Акцискиот план предвидува да се отворат подобри работни места и да се подобрат условите на 135 000 млади луѓе.

За менацирање на Проектот покрај Владата на Република Македонија надлежни се и Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Агенција за вработување, Светска банка УСАИД и др.

Како земја кандидат за ЕУ, Република Македонија има обврска да подготви Меморандум за инклузија во согласност со „Стратегијата 2020“

Што се однесува на организирањето на обуки кои ги спроведува Владата како една од мерките за намалување на невработеноста кај младите, важно е да се нагласи дека секое несистематско и несуштинско спроведување на обуки само дополнително ќе го зголеми квалитетот на обучени млади кадри, така што истите нема да одговорат на пазарот на трудот. Треба да се направи длабинска анализа за тоа кои кадри се дефицитарни и кои вештини се најбарани на пазарот на трудот, како би се заштедило на „фрлање“ пари на непотребни обуки во моментот приоритетот може да се даде на други. Да не заборавиме на фактот дека образовани кадри има во Република Македонија. Се повеќе магистри се во евиденција на невработени лица во државната Агенција за вработување на Република Македонија. Следствено на тоа може да кажеме дека голем дел од товарот паѓа на Министерството за образование на Република Македонија, треба да се направат промени во образовните програми кои ќе бидат во функција на поквалитетен образовен систем и редукција на произведување на „непотребни“ кадри кои подоцна не можат да го најдат своето место на пазарот на трудот. Исто така треба да се направат поголеми стеги во образованието, лесното доаѓање до универзитетска диплома причинува дополнителен проблем. Критериумите за влез на образование треба да се променат ( без да се заборави принципот на еднакви шанси ), бидејќи голем дел од факултетите станаа машинерија за пари, особено приватните факултети. Секој кој е финансиски добро поткрепен може да дојде до диплома на полесен начин, но што по нивното завршување. Каде ќе го најдат нивното место на пазарот на трудот?

## 25. Менаџментот и социјалниот сектор

Важноста на менаџментот е непроценлива за компаниите, произлегува пред се од желбата за постојан напредок, подобрување на работните и аспирациите на личноста.

Исто така и во социјалниот сектор улогата на менаџментот игра клучна улога. Тука менаџментот особена сметка води за меѓучовечките односи во системот. Исто така улогата на менаџментот е да прибере информации за институцијата и да ги пренесе за работењето на истата. Менаџментот обезбедува потребни информации кои се важни за компетентно и непристрасно работење на институцијата.

Менаџерот е само посредник односно неговата улога е да ги спроведе односите со институцијата, тој е човекот кој ги спојува луѓето во институцијата и оние кои користат или па се поврзани со нејзиното работење. Воедно неговата улога е да ја претставува институцијата пред јавноста. Менаџерот има голем дел од моќта на институцијата или организацијата во негови раце, може да одлучува за многу работи. Неговата улога покрај лидер, претприемач може да биде и партнер и преговарач со институциите. За беспрекорно функционирање на институциите особено социјалните, менаџерите треба да се потрпат врз современиот менаџмент, да изградат свои тимови од менаџери кои ќе можат да се носат со проблемите.

Менаџерот треба да го координира работењето во институцијата, да биде иницијатор на промени како би ја оджил институцијата и најважно од се е преговарањето во деловното работење, преговорите и во институцијата и со надворешните органи се важни.

Во Република Македонија доаѓа до создавање на нов пазарен амбиент во сферата на управувањето и раководењето, па самото тоа бара промени во нашиот образовен систем. Образовниот систем треба да понуди современи програми за произведе современи менаџери. Образованието во современи услови станува осноен ресурс и главен капитал врз која се базира стратегијата на современиот менаџмент во сите општествени сфери. Новиот тип на деловен современ менаџер пред се е многу образован човек покрај неговите вродени способности кои поседува стручни знаења и вештини како и оние со

највисок степен на сложеност. Не случајно сите развиени земји посебно внимание му посветуваат на оспособување на овој профил на кадри. Ваквите кадри треба да се стекнат со знаења од економска струка како и од останатите струки кои се потребни за профилирање на овој вид кадри.

Во нашиот високо образовен систем потребно е вклучување на менаџментот и економијата во сите дејности. На пример на факултетот за музичка уметност или за ликовна уметност не се изучува менаџментот ниту економијата, тука значењето на менаџментот е неопходно, за да после завршувањето на образованието музичарот или уметникот, може успешно да го продаде неговото знаење на пазарот на трудот и да може да менаџира со неговото работење. Ваквиот профил на произведени кадри поуспешно ќе се пласираат на пазарот на трудот. Спојот менаџментот со останатие сфери ќе придонесе за поквалитетни образовни кадри но и кадри кои ќе можат да одговорат на потребите на современите општества.

Успешното извршување на задачите зависи од усогласеноста односно синхронизацијата меѓу вршењето на овие активности и извршителите и тоа се нарекува координација.

„Координирањето е постојана осмислена дејност во управувањето со социјалните институции, преку која се внесува хармонија, паралелност, пропорционалност и ритмочност во работата на извршителите, со цел да се постигне посакуваниот резултат во строго определено време. Преку оваа дејност се обезбедува неопходното заемно дејство меѓу вработените, за да може таа да функционира како една целина.“[32]

Координирањето е функција на современото менаџмент, го користат менаџерите за да можат да ги остварат успешно поставените цели на институцијата. Координацијата знае често пати да има клучна значење ако не и пресудно за компаниите. Со координирањето на менаџерите се мобилизираат сите поединци и сите се вложуваат за да ги остварат општо поставените цели. Постојат неколку видови на координација и тоа:

---

32 Гоцевски Т. и Гоцевски, С. ( 2013). *СОЦИЈАЛЕН МЕНАЏМЕНТ И АКТИВНИ СОЦИЈАЛНИ ПОЛИТИКИ*, Филозофски факултет , Скопје, стр:159

Вертикална координација– која се користи во речиси сите видови на организации, ги вклучува и социјлните. Најчесто оваа координација се одвива помеѓу различните нивоа на управување и раководење пр. Министер-градоначалник-центар за социјална заштита-специјализирана установа и сл.

Хоризонтална координација- таа одвива меѓу луѓето на исто ниво или иста организациска поставеност.

Дијагоналната координација – се остварува на повеќе нивоа на функции во институцијата како на пр. Градоначалник-директор на центар за социјална работа – менаџер на компанијата.

## 25.1. Одговорноста на менаџерот во социјалните дејности

Самата менаџерска функција по себе носи многу одговорности и е доста сложена за остварување на поставените цели на некој субјект, па така му се наметнува на менаџерот високата одговорност во извршувањето на неговата функција.

Одговорноста на менаџерот во социјалните институции може да се систематизира во неколку области и тоа: менаџерот е одговорен за поставување на задачи и цели остварувањето на плановите и поставените цели на организацијата,

Покрај ваквата одговорност постои општествена одговорност, политичка, материјална која е регулирана со закони и за секое отстапување следи санкција. Одговорностите на менаџерите произлегуваат од самите работни обврски и надлежности кои му се даваат на менаџерот. Менаџерот е одговорен за селекција, управување, унапредување и мотивирање на вработените. Исто така тој е одговорен за донесувањето на стратегија за долгорочен развој на институцијата и за нејзино имплементирање.

## СТАТИСТИКА :

Од вкупното неактивно население најголем 187899 дел на невработеноста отпаѓа на граѓаните со завршено основно образование, со учество од 42 % или 3010804 , од друга страна најмал процент од вкупно 5% отпаѓа на лицата со завршено високо и вишо образование, 2 % за више и 3 % за високо образование.




Извор: Државен завод за статистика , 2001 год., стр 45.

Според податоците од Државен завод за статистика од 2001 година , образовни групи кои што се издвојуваат како доминантни при активното барање на работа се граѓаните со 4 годишно средно образование со 38% (99025) од вкупното невработено население 263.199. Втората група која се издвојува со учество поголемо од 30 % е групата на лица со основно образование со 34% или 89.378.

Лицата со високо и вишо образование имаат вкупно учество од 8 % од кои 8.066 лица се со вишо образование и 12.586 лица односно 5% од вкупното невработено население се лица со високо образование.




Извор: Државен завод за статистика , табела 32/ 2001 година

Од вкупното невработено население 263488 од 2002година на лица со високо и вишо образование отпаѓаат 7 % или 19540 лица , 6024 или 2 % со високо , а 13516 или 5 % се лица со високо образование.




Извор: Државен завод за статистика , Април, 2002 стр.32

Од вкупно 263482 лица неактивно население на лицата со високо и вишо образование отпаѓа 7 % или 19537 лица, а лица со високо образование се 13515 или 5 % . Повторно најголем процент имаат и оние лица со 4 годишно образование 35 % или 92940 лица и лица со основно образование со учество од 36 % или 95791 лица.




Извор: Државен завод за статистика,стр.63, април 2002 год.

Од вкупно невработените лица 316200 со високо о вишо образование заземаат 8% од кои 6% или 17700 лица се со високо образование а 2% или 7700 лица се со вишо образование.

Во континуитет доминираат групите на лицата со 4 годишно средно образование 108500 или 34 % и лицата со основно образование 112600 или 36 %.




Извор: Државен завод за статистика , 2003 год.

Од вкупното неактивно население 316000 со високо и вишо образование заземаат 8% од кои 6 % или17700 лица се со високо образование а 2 % или 7700лица се со вишо образование. Континуиран доминираат групите на лица со 4 годишно средно обраование 108400 и 112600 лица со основно образование.




Извор: Државен завод за статистика , Табела 32 стр. 62, 2003 год.

Од вкупното 309288 лица со невработено население лица со високо и вишо образование опфаќаат 8% 24028 , од кои 6% се со високо образование или 17922. Бележиме мала промена во трендот кај лицата со 4 годишно образование кои во 2003 се искачи на 40% од вкупното невработено население ( 123110 ), за сметка на лицата со основно образование кои заземаат дел од 31 % или 92333лица.




Извор: Државен завод за статистика : Табела 30 стр.58 , 2004 год.

Од вкупното 762274 неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 5% или 32506 лица од кои лица со високо образование се 3 % 18516 лица со вишо образование 2 % 13990, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 328521.




Извор : Државен завод за статистика ,Табела бр.27, стр.55 , 2004 год.

Од вкупното 310140 лица со невработено население лица со високо и вишо образование опфаќаат 9% 27.772 , од кои 6% се со високо образование или 19893 и 3% се со више образование или 7879 .




Извор : Државен завод за статистика , табела 31,стр.57 / 2005 год.

Од вкупното 762274 неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 5% или 32506 лица од кои лица со високо образование се 3 % 18516 лица со вишо образование 2 % 13990, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 328521.




Извор : Државен завод за статистика , стр.55 табела 27 , 2005 год.

Од вкупното 321273 лица со невработено население лица со високо и вишо образование опфаќаат 9% 28847, од кои 7% се со високо образование или 21909, додека другите 2% или 6938 лица отпаѓаат на лицата со више образование.




Извор: Државен завод за статистика, табела 28,стр.50/ 2006

Од вкупното неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 4% или 29307 лица од кои лица со високо образование се 2 % 15055 лица со вишо образование 2 % 14252, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 311837




Извор : Државен завод за статистика , стр.46 табела 24, 2006 год.

Од вкупното 310269 лица со невработено население лица со високо и вишо образование опфаќаат 9% , од кои 7% се со високо образование или 23550лица и 2% или 6636 лица се со више образование.




Извор: Државен завод за статистика , табела 27 ,стр.49 2007 год.

Од вкупното неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 5% од кои лица со високо образование се 3 % 22261 лица со вишо образование 2 % 14037, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 301804




Извор : Државен завод за статистика

Од вкупното 310409 лица со невработено население лица со високо и вишо образование опфаќаат 10% 8711 , од кои 8% се со високо образование или 24078.




Извор: Државен завод за статистика , 2008

Од вкупното неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 5% од кои лица со високо образование се 3 % 21581 лица со вишо образование 2 % 12438, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 315094




Извор: Државен завод за статистика , стр.45, 2008 год.

Од вкупното 262876 лица со невработено население лица со високо и вишо образование опфаќаат 12% 34341 , од кои 10% се со високо образование или 29377 а со више образование се 2% или 4964.




Извор: Државен завод за статистика , 51стр. 2009

Од вкупното неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 5% од кои лица со високо образование се 3 % 22301 лица со вишо образование 2 % 14666, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 314075




Извор: Државен завод за статистика, стр.47, 2009 год.

Од вкупното 300442 лица со невработено население лица со високо и вишо образование опфаќаат 13% ,38137 од кои 11% се со високо образование или 32975 додека пак со више образование се 2% или 5162.




Извор: Државен завод за статистика , стр.61, 2010год.

Од вкупното 762274 неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 5% од кои лица со високо образование се 3 % 24422 лица со вишо образование 2 % 15406, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 310148




Извор: Државен завод за статистика, стр.63,2010 год.

Од вкупното 321492 лица со невработено население лица со вишо образование опфаќаат 2% 5213 , а 13% се со високо образование или 39473.




Извор: Државен завод за статистика , страна 73 Т-47, 2011

Од вкупното 762274 неактивно население со високо и вишо образование отпаѓа 7% од кои лица со високо образование се 5 % 30840 лица со вишо образование 2 % 149906, најголема група на невработени лица се лицата со основно образование 43 % или 309476




Извор: Државен завод за статистика, страна 74 т-48, 2011

## НЕВРАБОТЕНО НАСЕЛЕНИЕ (ТРЕНД)




Во однос на бр. на невработени поголеми промени се јавуваат во период од 2002 и 20003,а трендот продолжува се до 2005 год. Повторно највисок сегмент од невработени заземаат лицата со повисоко средно образование. Можеме да кажеме дека има релативно стабилни индикатори на невработеноста сегментиран според степен на образованост во Р.Македонија.

## НЕАКТИВНО НАСЕЛЕНИЕ (ТРЕНД)



## ЗАКЛУЧОК:

Секоја држава е политичка држава и без тоа нема општествена регулација. Нашата држава е се повеќе партиска држава отколку политичка. Личните интереси и партиските интереси се ставаат во преден план, додека пак последиците ги трпи општеството и граѓаните. Политиките кои се креираат се дела на владеачките партии, и секогаш тие се правени во нивна полза како би останале подолго на политичката сцена како позиција. Активните политики се производ на работењето на државните институции и се продолжена рака на власта.

Можеме да заклучиме дека во Република Македонија креирањето на добри активни социјални политики беше вечито проблем и ќе биде. Од осамостојувањето на Република Македонија проблемите не го смениле многу нивниот карактер. Со промената на неколку политички партии Македонија не реши многу општествени проблеми, па така ни проблемот со неврботеноста. Во статистиките можеме да забележиме „мртов "тренд. Иако последната Влада има премногу амбициозен пристап кон решавање на проблемот со невработеноста ,сиромаштијата и социјалната ексклузија но потребно е сеуште време за видлив прогрес. Начелно креирањето на социјалните политики не е само проблем на една политичка партија, заложбата треба да биде обострана и од позициската партија и од оние кои се во опозиција и крајно време е да сфатат властите дека нагласената егоцентричност и преовладувањето на личниот интерес пред јавниот не води кон решавање на општествените проблеми. Работите таман ќе тргнат на добро и се некако се враќаме во првобитната положба. Аспирациите на Власта и на државата за членство на НАТО Алијансата и Европската Унија играат голема улога. Хармонизацијата на заонодавството со Европското законодавство е важен момент. Тоа исто така треба да претставува дополнителен мотив за побрзо решавање на бариерите .

